# ПРИРАЧНИК ЗА ОБУКА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ

# И АНТИДИСКРИМИНАЦИЈА

**СОДРЖИНА**


**ВОВЕД**

- Што претставува проектот „Акција за правата на девојките за еднаквост, мир и безбедност“?
- Совети за фасилитаторот/фасилитаторите
- Краток преглед на прирачникот за обука

**ПОГЛАВЈЕ I**

**ДЕФИНИЦИИ ЗА НАЈЧЕСТО УПОТРЕБУВАНИТЕ ТЕРМИНИ И ЗБОРОВИ во прирачникот за обука**

- ПОЛ И РОД
- РОДОВИ УЛОГИ
- РОДОВА ЕДНАКВОСТ
- РОДОВО-БАЗИРАНА ДИСКРИМИНАЦИЈА
- РОДОВО-БАЗИРАНО НАСИЛСТВО
- ВИДОВИ НА РОДОВО-БАЗИРАНО НАСИЛСТВО
- ПОСЕБНИ ОБЛИЦИ НА РОДОВО-БАЗИРАНО НАСИЛСТВО
- ГЛАВНИ ПРИЧИНИ ЗА РОДОВО-БАЗИРАНО НАСИЛСТВО
- РЕЛЕВАНТНИ МЕЃУНАРОДНИ И РЕГИОНАЛНИ ДОКУМЕНТИ ЗА РОДОВИ ПРАШАЊА

**ПОГЛАВЈЕ II**

**ВОВЕД И ФОРМИРАЊЕ НА ОСНОВАТА**

- ВОВЕДНА АКТИВНОСТ
- ПРИКАЗНА ЗА МОЕТО ИМЕ
- КОНЦЕНТРИЧНИ КРУГОВИ
- ТРИ НАСТАНИ КОИ МЕ ПОТТИКНАА ДА СЕ ВКЛУЧАМ ВО ОВАА ОБУКА

- ШТО МИ СЕ ДОПАЃА И НЕ МИ СЕ ДОПАЃА ЗА МЕСТОТО КАДЕ ШТО ЖИВЕАМ?

**ПОГЛАВЈЕ III**

**РОДОВИ ПРАШАЊА, УЛОГИ НА МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ ВО ОПШТЕСТВОТО И РОДОВА ЕДНАКВОСТ**

- ПОЛ, РОД И РОДОВИ УЛОГИ
- ВЕЖБА „АВТОБУС“
- АСОЦИЈАЦИИ ЗА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ
- ШТО ЗНАЧИ ДА СЕ БИДЕ ИДЕАЛЕН МАЖ И ИДЕАЛНА ЖЕНА?
- БАРОМЕТАР
- ОБЛЕКУВАЊЕ НА КУКЛАТА
- УЛОГАТА НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ ВО ОПШТЕСТВОТО
- КУТИЈА
- ДНЕВНИ РАСПОРЕДИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ
- АКТИВНОСТ ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА СВЕСТА ЗА ВРСКАТА ПОМЕЃУ РОДОТ И ПРИСТАПОТ ДО РЕСУРСИТЕ
- КУЛА НА МОЌТА

**ПОГЛАВЈЕ IV**

**РОДОВО-БАЗИРАНА ДИСКРИМИНАЦИЈА И НАСИЛСТВО И РАЗЛИЧНИ ВИДОВИ НА РОДОВО-БАЗИРАНО НАСИЛСТВО**

- ПОДИГНУВАЊЕ НА СВЕСТА ЗА РОДОВО-БАЗИРАНОТО НАСИЛСТВО ОКОЛУ МЕНЕ
- ХАРМОНИЗИРАЊЕ НА ЈАЗИКОТ ЗА РОДОВИТЕ ПРАШАЊА
- РАЗБИРАЊЕ НА РАЗЛИЧНИТЕ ВИДОВИ НА РОДОВО-БАЗИРАНО НАСИЛСТВО
- СЛИКОВЕН ТЕАТАР
- ТИВКА ДЕБАТА
- ПРИКАЗНИ ЗА ПОЈАВАТА И СПРЕЧУВАЊЕТО НА РОДОВО-БАЗИРАНО НАСИЛСТВО

**ПОГЛАВЈЕ V**

**АКЦИЈА ОД ОПШТЕСТВОТО И ПОДДРШКА ОД ЗАЕДНИЦАТА**

- ИДЕАЛНА ИДНА СРЕДИНА
- ПРОМЕНА НА НАШЕТО ОДНЕСУВАЊЕ
- „ФОРУМ“ ТЕАТАР
- КАКО ДА СЕ ПОДИГНЕ СВЕСТА ЗА РОДОВО-БАЗИРАНОТО НАСИЛСТВО?
- ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ ВО МЕДИУМИТЕ
- ЈАВНА ДЕБАТА – ДА ЗБОРУВАМЕ ЗА РБН
- РАЗРАБОТУВАЊЕ НА ИДЕИ И ПЛАНОВИ ЗА АКЦИЈА

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

**ВОВЕД**

**ПРЕДГОВОР**

*Прирачникот за обука за родова еднаквост и антидискриминација* е изготвен во рамките на регионалниот проект „Акција за правата на девојките за еднаквост, мир и безбедност“, реализиран од „Помоч деци“ – Организација за помош на деца и млади (ОПДМ), заедно со три регионални партнери: „Волонтерски Центар Скопје” (ВЦС) од Република Северна Македонија, „Partnere per Femijet“ (ППФ) од Албанија и Институт за развој на граѓанското општество „Innovate“ (ИРГОИ) од Косово*. Проектот е имплементиран во рамките на регионалната програма „СМАРТ Балкан – Граѓанско општество за поврзан Западен Балкан“. Оваа регионална програма е спроведена од „Центар за промоција на цивилното опшество“ (ЦПЦО), „Центар за истражување и креирање политики“ (ЦИКП) и „Институт за демократија и медијација“ (ИДМ), и финансиски поддржана од норвешкото Министерство за надворешни работи (НМНР).

**Што претставува проектот „Акција за правата на девојките за еднаквост, мир и безбедност“?**

Проектот „Акција за правата на девојките за еднаквост, мир и безбедност“ има за цел да го поддржи и охрабри учеството и влијанието на граѓанското општество во почитувањето на правата на младите, особено жените и девојките, во градењето мир, помирување и безбедност преку подобрување на капацитетите, вмрежување и залагање за родова антидискриминација, еднаквост и зајакнување на девојките во земјите вклучени во проектот во создавањето на мирни и инклузивни општества за одржлив развој во Западен Балкан. Програмата воведува пристап за зајакнување на младите луѓе, особено девојките од различни етнички/малцински/мнозински групи како двигатели на градењето одржлив мир, антидискриминација, родова еднаквост и промовирање на социјалната кохезија во четири земји од Западен Балкан преку родово-базирано зајакнување по моделот „врсник со врсник“ („peer-to-peer“), создавање на влијателни врсници кои се залагаат за социјална правда и спречување на родово-базирано насилство меѓу врсниците.

Оваа генерална цел би се постигнала преку развивање на под-регионални мрежи на граѓански организации кои работат на полето на мирот и безбедноста преку промовирање на родова еднаквост и активно учество на младите жени, преку врсничко образование и зајакнување на младите (особено девојките), што ќе има долгорочно влијание врз промовирањето на еднаквост, мир и безбедност. Важноста од промовирањето на зајакнувањето на младите, особено девојките, и почитувањето на различностите и родовата еднаквост за постигнување траен мир и стабилност преку врсничка едукација, залагање, вмрежување во земјите од Западен Балкан и партнерства со организации и мрежи од ЕУ се клучните резултати од овој проект, што ќе имаат влијание врз граѓанското општество во целина.

Оваа публикација е прирачник чијшто контекст се фокусира на потребите на младите луѓе во Србија, Албанија, Северна Македонија и Косово*, вклучувајќи силен фокус врз родовата еднаквост и инклузивноста. Овој материјал е изготвен врз основа на резултатите од анализата на потребите спроведена со цел да се идентификуваат потребите на целните групи кај партнерите во проектот во Србија, Албанија, Северна Македонија и Косово*. Проценката на потребите меѓу младите во проектот покажа дека поголемиот дел од нив се подготвени да научат повеќе и за родовата еднаквост, спречувањето на родово-базираното насилство и како да се спротивставaт на родовите стереотипи, предрасудите и дискриминацијата, и за тоа како да станат активни учесници во процесот на постигнување родова еднаквост.

Иако е изготвен врз основа на ажурираната проценка на потребите на младите луѓе, и конкретно за потребите на проектот „Акција за правата на девојките за еднаквост, мир и безбедност“, овој прирачник се базира на материјали и алатки разработени од „Помоч деци“ и нивните партнери низ годините, а меѓу најзначајните се:

- „Програма за врсничка обука“ од програмата „GIRLACT“;
- Програма „Aflateen+“ за девојки од Србија и Албанија;
- Прирачник за обука за социјална и финансиска едукација и обука на обучувачи од проектот „SAFE for Triple E“.

Многу од вежбите првично беа прилагодени и еволуираа од активности осмислени од други.

Освен тоа, при изготвувањето на овој прирачник беше консултирана опсежна литература, која е достапна на крајот на крајот од прирачникот.

Прирачникот содржи збирка на активности, од кои повеќето беа применети за време на две регионални обуки одржани во септември и декември 2023 година. На овие обуки учествуваа млади жени и мажи од Албанија, Косово*, Северна Македонија и Србија.

Прирачникот за обука е наменет за прилагодување спрема локалните околности и доаѓа со придружен прирачник за обука за врсничка едукација. Овој прирачник на учесниците им презентира активности и вежби кои нудат креативен, активен пристап кон учењето. Веруваме дека учесниците ќе имаат најголема корист од овој прирачник, бидејќи активностите се приспособени да одговорат на нивните потреби и нивната возраст на креативен начин, и ги приближува ваквите тешки теми до целната популација и ги поттикнува да се истражуваат себеси, своите ставови, на безбеден начин и соодветен начин.

Овој прирачник е дизајниран да се користи првенствено во средини за неформална едукација со групи од млади. Втемелен врз поглед на родово-базираното насилство низ призмата на човековите права, прирачникот ја користи едукацијата за човекови права како основа за зајакнување на младите лица да научат за родовата еднаквост и да преземат акција против родово-базираното насилство.

Изготвен да опфати различни прашања, овој прирачник вклучува активности за работа на следниве теми: род и пол, родови улоги, стереотипи, предрасуди, родово-базирана

дискриминација, родово-базирано насилство (РБН), видови на родово-базирано насилство и како да се преземе акција за спречување на РБН.

Веруваме дека овој прирачник ќе ви биде корисен и ќе ве инспирира за понатамошно истражување на оваа тема, и ќе ве мотивира да консултирате дополнителна литература.

Ви посакуваме успешна работа.

Сите изрази употребени во машки род ги вклучуваат машките и женските родови на лицата на кои се однесуваат, освен ако не е наведено поинаку.

*Овој Прирачник беше изготвен со поддршка од регионалниот проект „СМАРТ Балкан – Граѓанско општество за поврзан Западен Балкан“ реализиран од „Centar za promociju civilnog društva“ (ЦПЦД), „Центар за истражување и креирање политики“ (ЦИКП) и „Институт за демократија и медијација“ (ИДМ) и финансиски поддржан од норвешкото Министерство за надворешни работи (НМНР). За содржината на овој Прирачник одговорни се исклучиво спроведувачите на проектот и таа не ги одразува секогаш ставовите на норвешкото Министерство за надворешни работи (НМНР).*

**Совети за фасилитаторот/фасилитаторите**

Добредојдовте во „Акција за правата на девојките за еднаквост, мир и безбедност“. Оваа програма има за цел да ги зајакне младите луѓе и младинските работници за промовирање на антидискирминација, градење мир, толеранција, човекови права, права на жените и девојките за еманципација и еднаквост, родова еднаквост и спречување на РБН на различни нивоа. Се надеваме дека овој прирачник ќе им овозможи да ги разберат традиционалните етнички/национални и родови стереотипи, предрасуди и дискриминација кои, исто така, водат до врсничко РБН, како и да им даде инструменти за градење мир и мирна трансформација на конфликтите, да се борат против нив и да ги спречат.

Ќе имаме успех доколку младите се охрабрат да го остварат својот потенцијал и да дејствуваат како двигатели на промените во нивните заедници. Исто така, се надеваме дека овој прирачник ќе ве поведе на едно патување кое за вас ќе биде стимулирачко и корисно, и кое ќе ви помогне да се развивате како фасилитатор.

Во овој прирачник го користиме терминот „фасилитатор(и)“, кој се однесува на лицето кое е одговорно за подготвување, одржување и координирање на активностите за учесниците. Фасилитаторот служи како водич, помагајќи им на поединците да го откријат нивното постоечко знаење, мотивирајќи ги да го прошират нивното учење и придружувајќи ги во нивното истражување на својот потенцијал. Фасилитирањето вклучува создавање на средина каде што луѓето можат да учат, експериментираат, истражуваат и се развиваат. Би сакале да ја нагласиме потребата за демократски и партиципативен пристап во образовните напори поврзани со темите за родот и родовото насилство. Претпоставуваме дека ќе фасилитирате во работа со групи на млади луѓе, на пример, во училница, младински клуб, обука, младински камп или семинар.

*Кои се потенцијални учесници во обуката?*

Активностите во прирачникот за обука се наменети за млади на возраст од 18+ години. Се обидовме да изготвиме материјал кој е подеднакво релевантен и применлив за учесници со различно знаење и искуство. За време на обуката, фасилитаторот треба да ја следи динамиката на групата и да биде свесен за предзнаењата на секој учесник, и да обезбеди средина во која секој учесник ќе се чувствува слободен отворено да разговара за различни важни прашања. Фасилитаторот треба на учесниците да им понуди меѓусебно разбирање и поддршка без оглед на нивните претходни знаења. Оваа обука им овозможува на учесниците во пракса да го видат нивното ниво на толеранција и почит кон другите, што е основа за залагање за еднаквост.

Преку создавање на позитивна атмосфера во групата, фасилитаторот испраќа порака до учесниците дека почитувањето на правата на другите, поттикнувањето на толеранцијата, разбирањето и почитта започнува од фасилитаторот и од сите учесници во групата.

*Вие, фасилитаторот*

Сакаме да имате корист од вашето учество во оваа програма исто колку и младите луѓе кои се

учесници во вашата група. Се надеваме дека со учество во програмата, ќе откриете нови начини како да го развиете вашиот капацитет како фасилитатор. Затоа, подготвивме прирачник за врсничка едукација и фасилитирање што го придружува овој прирачник.

Сесиите во овој прирачник се карактеризираат со различни методи на активно учење. Активностите во прирачникот се засновани на едукативен аспект и не бараат вклучување на длабок индивидуален емотивен аспект на учесниците. Меѓутоа, ова е процес на искусување, и понекогаш е можно некои од учесниците да ги искусат вежбите подлабоко. Доколку во текот на сесијата фасилитаторот забележи дека одредена активност емотивно (лично) допрела некој учесник/учесници, тогаш треба да се консултира со менторот и со лицата одговорни за оваа програма.

За успешно спроведување на активностите, неопходно е да се формира силен групен идентитет и да се креира атмосфера на доверба, безбедност, вклученост и учество. Учесниците нема да зборуваат отворено за чувствителни теми или да ги изразуваат своите мислења доколку не се чувствуваат сигурни во нивната група.

Како фасилитатор, од суштинско значење е да изберете активности кои се усогласени како со вашето, така и со знаењето, вештините и свеста на вашата група, во рамките на времето кое го имате на располагање. Прегледајте ја секоја активност најмалку двапати, предвидувајќи ги потенцијалните реакции и коментари од групата со која ќе работите. Погрижете се да ги имате сите потребни материјали и уверете се дека има доволно простор, особено ако е планирано учесниците да работат во мали групи.

**Краток преглед на прирачникот за обука**

*Прирачникот за родова еднаквост и антидискриминација* е изготвен за да ги задоволи потребите на проектот „Акција за правата на девојките за еднаквост, мир и безбедност".

Во прирачникот има активности за обука наменети за групна работа со млади. Целта на активностите за обука е да се изградат капацитетите на младите со цел да се подобрат нивните знаења и вештини за промовирање на антидискриминација, градење мир, толеранција, човекови права и права на жени и девојки за еманципација и еднаквост, родова еднаквост и спречување врсничко РБН на различни нивоа.

*Структура на прирачникот:*

Прирачникот се состои од пет поглавја:

1. Вовед со најчесто употребуваните термини и зборови во прирачникот за обука
2. Вовед и формирање на основата
3. Родови прашања, улоги на мажите и жените во општеството и родова еднаквост
4. Родово-базирана дискриминација и насилство и различни видови на родово-базирано

насилство
5. Општествена акција и поддршка од заедницата

Содржината на поглавјата ги опфаќа следниве теми:

- Вовед во родови прашања, улоги на мажите и жените во општеството и заштитни мерки
- Препознавање на родово-базирани стереотипи, почитување на разликите и промовирање на родова еднаквост
- Родово-базирано насилство, различни типови на родово-базирано насилство и последици од РБН
- Подигнување на свеста за важноста од акција од општеството и поддршка од заедницата

Како да се користи овој прирачник? Прирачников за обука е поделен на пет поглавја. Поглавјата се поделени на активности. Секоја активност содржи преглед на активноста, потребни материјали, проценето времетраење на активноста и методологија. Исто така, ќе најдете дополнителни информации за фасилитаторот, доколку и кога е потребно. После описот на задачите, ќе најдете додаток за активноста во кој се вклучени материјали за конкретната активност неопходни за фасилитаторот, или кои треба да им се поделат на учесниците.

Секоја активност е осмислена како независна целина. Исто така, можно е да се подготви нова активност/вежба со комбинирање на делови кои еднаш веќе биле претставени во прирачникот. Времетраењето на активноста зависи од бројот на учесници и нивната вклученост, затоа се препорачува внимателно планирање на времето според карактеристиките на целната група со која се работи. Ова вклучува проценка од страна на фасилитаторот дали да се користат сите елементи/чекори во дадена активност во предвиденото време, или да се прилагоди на конкретните потреби на учесниците.

Просторот за работа се организира така што учесниците седат во круг за да се обезбеди покомплетно учество на групата како целина. Деловите кои вклучуваат работа во мали групи завршуваат со повторно споделување на одговорите во големиот круг на целата група.

Активностите понудени во овој прирачник за обука му овозможуваат на фасилитаторот да планира и да спроведе обука. Прирачникот започнува со вежби и дискусија за основните концепти за родова еднаквост и родовите улоги во општеството. Продолжува со детални информации за родовата дискриминација, терминот „родово-базирано насилство“, различните видови родово-базирано насилство и можните последици од него. Прирачникот завршува со принципи кои ќе ги водат учесниците до јасно разбирање на важноста на превенцијата и способноста да развијат ефективни општествени акции за превенција во рамките на нивните заедници.

На упатствата за активностите гледајте како на флексибилни упатства, а не како на строги правила. Фасилитаторите треба да го приспособат материјалот за да одговараат на специфичните потреби и контекст на нивната група, вклучувајќи релевантни прашања и земајќи го предвид нивното сопствено искуство и вештини. Прифатете го фактот дека не е можно да се подготват активности кои совршено одговараат на секоја средина. Затоа, фасилитаторите се охрабруваат да ги менуваат

активностите, притоа зачувувајќи ги основните цели и динамика.

Во исто време, бидејќи секој фасилитатор е различен, и прирачникот, исто така, е флексибилен. Флексибилен е во начинот на кој можете да ја користите активноста. Лесно ќе препознаете кои сесии се потребни во било која обука, а кои можете да ги прескокнете во зависност од учесниците и нивните очекувања. Флексибилен е затоа што можете да ги приспособите активностите врз основа на вашето сопствено искуство за фасилитирање и на вештините и знаењето на вашата група учесници. Флексибилен е бидејќи секоја активност е осмислена да ги води вашите чекори во спроведувањето на сесијата, а во исто време, ви дава слобода да импровизирате доколку се чувствувате пријатно и самоуверено!

Во следните поглавја, наведените активности даваат краток преглед на целите на вежбата на одредена тема. За секоја вежба е наведен детален опис и придружни информации: видот на вежбата, просечното времетраење и потребните материјали за изведување на вежбата. Ве молиме, имајте предвид дека наведеното просечно времетраење на вежбата не е целосно прецизно. Вежбите, генерално, може да се изведат во одредената временска рамка, но потребното време зависи и од составот на групата, и од тоа колку групата е активна и комуникативна. На некои групи можеби ќе им треба малку повеќе време.

**Опис на активностите во прирачникот за обука**

Секоја активност е опишана во следниов формат:

**Краток преглед**: Овој дел дава кратки информации за видот на активноста и опфатените теми, истакнувајќи го секој конкретен тематски акцент.

- ✓ **Цели:** Тие ги дефинираат планираните резултати од учењето за учесниците, опфаќајќи ги знаењата, вештините, ставовите и вредностите кон кои е насочена активноста.
- ✓ **Време:** Ова го покажува проценетото време потребно за завршување на целата активност, вклучително и можни дискусии пред или после активноста.
- ✓ **Материјали**: Ова е листа на материјалите потребни за одржување на активноста.
- ✓ **Подготовка:** Ова ги опфаќа задачите и точките на коишто фасилитаторот треба да обрне внимание или да ги организира пред да започне активноста. Материјали што треба да се подготват однапред, чекори што треба да ги направат фасилитаторот или учесниците, сè што е потребно за да може активноста добро да се одвива.
- ✓ **Инструкции:** Овој дел дава упатства за тоа како ефективно да се спроведе активноста.
- ✓ **Клучни точки за дискусија:** Овде можете да најдете предложени прашања кои ќе му помогнат на фасилитаторот во водењето на завршната дискусија и проценувањето на ефектот на активноста.
- ✓ **Забелешки за фасилитаторите:** Овој дел нуди корисни насоки, истакнувајќи размислувања за завршна дискусија, алтернативни начини за спроведување на активноста, дополнителни информации кои се релевантни за задачата и предлози за дополнителни материјали.
- ✓ **Додаток за активноста:** Овој дел вклучува придружни материјали за спроведување на активноста, како што се листови со улоги, листови за работа, материјали за читање,

листови за дискусија или други материјали кои треба да им се поделат на учесниците во текот на активноста.

**ПОГЛАВЈЕ I**

**ДЕФИНИЦИИ ЗА НАЈЧЕСТО УПОТРЕБУВАНИТЕ ТЕРМИНИ И ЗБОРОВИ**

**во прирачникот за обука**

Прашањето за родова еднаквост оди подалеку од подобрувањето на положбата на девојките и жените. Во суштина, темата за родовата еднаквост е прашање на универзални човекови права, и е основен услов за постигнување социјална правда, унапредување на демократијата, постигнување општествена хармонија и еднаквост, обезбедување економски просперитет, унапредување на општествениот развој и унапредување на општествените односи. Во многу меѓународни и национални документи, прашањето на родовата еднаквост е прифатено како едно од клучните прашања за развој. Меѓутоа, и покрај политичката волја и насоченоста кон исполнување на преземените обврски на полето на постигнување родова еднаквост, постигнат е само скромен напредок во однос на дефинираните цели.

Родовата еднаквост подразбира еднаква положба, третман и можности за жените и мажите во остварувањето на човековите права во различни аспекти од јавниот и од приватниот живот. Во суштина, таа се заснова на општоприфатениот принцип на забрана на дискриминацијата, што ја прави „посебен“ вид на заштита и зачувување на принципот на еднаквост.

Родовата еднаквост има импликации за речиси сите делови од општествената интеракција и јавната политика, опфаќајќи области како што се младинската политика и младинската работа. Секоја личност е директно и индивидуално засегната од прашањата кои се однесуваат на родовата (не)еднаквост, родовата дискриминација и родовото насилство.

За да се разбере концептот на родова еднаквост, најпрво е потребно да се дефинираат основните поими: пол и род, родови улоги, родова еднаквост, родова дискриминација, родово-сензитивен јазик, родово-базирано насилство и видови на родово-базирано насилство.

За таа потреба, во ова поглавје ќе најдете дефиниции за неколку значајни термини поврзани со родовата еднаквост, кои се најмногу користени во овој прирачник за обука.

## ПОЛ И РОД

Постојат голем број на дефиниции дадедни од различни организации. На пример, Телото на Обединетите нации за родова еднаквост и зајакнување на жените (UN Women) користи дефиниција за полот како „физички и биолошки карактеристики што ги разликуваат мажите и

жените“[1], а дефиницијата за род се однесува на „улогите, однесувањата, активностите и атрибутите кои општеството во дадено време смета дека се соодветни за мажите и жените. …

Овие атрибути, можности и односи се конструирани од општеството и се учат преку процесите на социјализација. Тие се специфични за даден контекст/време и се променливи. Родот одредува што се очекува, што е дозволено и вреднувано кај една жена или маж во даден контекст. Во повеќето општества постојат разлики и нееднаквости меѓу жените и мажите во доделените одговорности, преземените активности, пристапот и контролата врз ресурсите, како и можностите за донесување одлуки. Родот е дел од поширокиот социо-културен контекст, како што се и други важни критериуми за социо-културна анализа, вклучувајќи класа, раса, ниво на сиромаштија, етничка група, сексуална ориентација, возраст, итн.[2]

Светската здравствена организација (СЗО) ги дава следниве дефиниции[3]:

- „Полот“ се однесува на биолошките и физиолошките карактеристики што ги дефинираат мажите и жените.
- „Родот“ се однесува на општествено конструираните улоги, однесувања, активности и атрибути кои општеството ги смета за соодветни за мажите и жените.

Со други зборови: „машки“ и „женски“ се полови категории, додека „машки род“ и „женски род“ се родови категории.

Пожелно е да се замолат неколку учесници да ги преведат зборовите „пол“ и „род“ на локалните јазици. Потрудете се групата да се согласи да ги користи овие преведени дефиниции кога се зборува за родот.

**РОДОВИ УЛОГИ**

Родовите улоги се однесуваат на улогите во општеството, кои се збир на очекувања што одредена заедница ги има во однос на мажот и жената. Тие се учат преку процесот на социјализација и интеракција со другите.

Родовите улоги се тесно поврзани со стереотипите и предрасудите кои постојат во општеството, обликувајќи модели на однесување кои се сметаат за прифатливи за жените, од една страна, и за мажите, од друга страна. Родовите улоги ги одразуваат „условите за производство, репродукција, културни, религиозни и идеолошки системи“ кои доминираат во одредено општество. Како такви,

[1] Поимник за родова еднаквост; Центар за обука на UN Women; достапен на: https://trainingcentre.unwomen.org/mod/glossary/view.php?id=36&mode=letter&hook=S&sortkey=&sortorder=

[2] Поимник за родова еднаквост; Центар за обука на UN Women; достапен на: https://trainingcentre.unwomen.org/mod/glossary/view.php?id=36&mode=letter&hook=G&sortkey=&sortorder=

[3] http://www.who.int/gender/whatisgender

бидејќи се условени од општеството, родовите улоги се променливи. Не се конзистентни во различни временски периоди во едно исто општество, а исто така варираат меѓу културите, етничките групи и општествените класи.

## РОДОВА ЕДНАКВОСТ

Според Советт на Европа, родовата еднаквост претставува:

*„Еднаква видливост, зајакнување и учество на двата пола во сите сфери на јавниот и приватниот живот. Родовата еднаквост е спротивна на родовата нееднаквост, а не на родовата разлика, и има за цел да го промовира целосното учество на жените и мажите во општеството. Тоа значи прифаќање и подеднакво вреднување на разликите меѓу жените и мажите и различните улоги што тие ги играат во општеството. Родовата еднаквост го вклучува правото да се биде различен. Тоа значи да се земат предвид постоечките разлики меѓу жените и мажите, кои се поврзани со класа, политичко мислење, религија, етничка припадност, раса или сексуална ориентација. Родовата еднаквост значи да се разговара за тоа како е можно да се оди понатаму, да се променат структурите во општеството кои придонесуваат за одржување на нееднаквите односи на моќ меѓу жените и мажите, и да се постигне подобра рамнотежа во различните женски и машки вредности и приоритети“.*[4]

Со една реченица, родовата еднаквост подразбира еднакви можности и еднаква застапеност на мажите и жените во сите сфери на приватниот и јавниот живот

## РОДОВО-БАЗИРАНА ДИСКРИМИНАЦИЈА

Според член 1 од Конвенцијата на ОН за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (КЕДВЖ), поимот *„дискриминација на жените“ значи секакво разликување, исклучување или ограничување направено врз основа на пол што резултира со или има за цел нарушување или поништување на признавањето, уживањето или остварувањето на човековите права и основните слободи на жените во политичко, економско, социјално, културно, граѓанско или било кое друго поле, без оглед на нивниот брачен статус, врз основа на еднаквост на мажите и жените.*[5]

*„Дискриминацијата на жените и девојчињата значи различен третман од мажите и момчињата којшто ги спречува да ги уживаат нивните човекови права. КЕДВЖ објаснува дека дискриминацијата може да се случи во сите области од јавниот и приватниот живот,*

---

[4] Совет на Европа, Поимник за родова еднаквост, декември 2015; достапен на: https://rm.coe.int/16805a1cb6

[5]Конвенција на ОН за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (КЕДВЖ), достапна на: https://www.ohchr.org/en/instruments-mechanisms/instruments/convention-elimination-all-forms-discrimination-against-women

*вклучувајќи ги политичките, економските, граѓанските, социјалните и културните области. Пример за „директна дискриминација“ е кога законите на една земја не дозволуваат жените да гласаат, да одат на училиште или да поседуваат имот. Пример за „индиректна дискриминација“ е кога некоја работна позиција, како што е полицаец, има минимални критериуми за висина и/или тежина што многу жени можеби нема да можат да ги исполнат. Не може да се постигне „суштинска еднаквост“ или „еднаквост на резултатите“ кога постои директна или индиректна дискриминација“.*[6]

Младите жени и младите мажи можат да придонесат за родовата еднаквост преку учење за правата на жените и девојките, преку подигнување на нивната свест за стереотипите кои придонесуваат жените и девојките да бидат третирани нееднакво, и преку справување со дискриминацијата во сите нејзини форми и промовирање на еднаквост, вклученост и почит.

## РОДОВО-БАЗИРАНО НАСИЛСТВО

Постојат неколку дефиниции за родово-базираното насилство:

Родово-базирано насилство е *„општ поим за секое штетно дело што е извршено против волјата на едно лице и кое се заснова на општествено припишани (т.е. родови) разлики меѓу мажите и жените. Вклучува дела кои нанесуваат физичка, сексуална или ментална повреда или страдање, закани за такви дела, принуда и други лишувања од слобода. Овие дела можат да се случат јавно или во приватниот живот“*.[7]

*„Родово-базираното насилство се однесува на секаков вид на повреда што е причинета на лице или група луѓе поради нивниот фактички или перципиран пол, род, сексуална ориентација и/или родов идентитет“.*[8]

Декларацијата на ОН за елиминација на насилството врз жените од 1993 год., во нејзиниот член 1, поимот „насилство врз жените“ го дефинира како: *„Секој чин на родово-базирано насилство што резултира или е веројатно да резултира со физичка, сексуална или психолошка повреда или*

[6] Конвенција на ОН за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (КЕДВЖ) за млади; UN Women; достапна на: https://www.unwomen.org/sites/default/files/Headquarters/Attachments/Sections/Library/Publications/2016/CEDAW-for-Youth.pdf

[7] Комплет со алатки за родово-базирано насилство, достапен на: https://www.unhcr.org/gbv-toolkit/_test/

[8] „Gender Matters Manual on addressing gender-based violence affecting young people“, Совет на Европа, 2019; достапен на: https://rm.coe.int/gender-matters-a-manual-on-addressing-gender-based-violence-affecting-/16809e1c34

*страдање на жените, вклучително и закани за такви дела, принуда или произволно лишување од слобода, без разлика дали се случува јавно или во приватниот живот“*[9].

Родово-базираното насилство опфаќа други описи на насилство, но тоа е врамено во поширoки поими со прифаќањето дека причините и решенијата за насилството се истовремено лични, политички, економски и општествени, институционални и меѓучовечки.

Иако не однесува исклучиво на жените и девојките, РБН во сите култури главно ги засега нив.

„Жртва“ е секое физичко лице кое е изложено на однесувањата наведени погоре.

Поимот „жена“ ги вклучува и девојките на возраст под 18 години.

## ВИДОВИ НА РОДОВО-БАЗИРАНО НАСИЛСТВО

Родово-базираното насилство може да се јави во неколку форми, вклучувајќи (но не ограничувајќи се на):

**Физичко родово-базирано насилство** - Секој чин кој предизвикува физичка повреда како резултат на недозволена физичка сила.[10] *„Физичкото насилство вклучува тепање, горење, клоцање, удирање со тупаници, гризење, осакатување или убивање, употреба на предмети или оружје или корнење на косата. Некои класификации во категоријата физичко насилство вклучуваат и трговија со луѓе и ропство бидејќи во тие случаи често се доживува првична принуда, а младите жени и мажи кои се вклучени во тоа на крајот стануваат жртви на дополнително насилство како резултат на нивното ропство“*.[11]

**Психички и емоционални облици на РБН** - Секој чин кој нанесува психичка повреда на некое лице. Психичкото насилство може да биде во форма на, на пример, принуда, клевета, вербална навреда или вознемирување.[12]

---

[9] Декларација за елиминација на насилството врз жените, 1993; достапна на: https://www.ohchr.org/en/instruments-mechanisms/instruments/declaration-elimination-violence-against-women

[10] Европски институт за родова еднаквост, https://eige.europa.eu/gender-based-violence/what-is-gender-based-violence/forms-of-violence

[11] „Gender Matters Manual on addressing gender-based violence affecting young people“, Совет на Европа, 2019; достапен на: https://rm.coe.int/gender-matters-a-manual-on-addressing-gender-based-violence-affecting-/16809e1c34

[12] Европски институт за родова еднаквост, https://eige.europa.eu/gender-based-violence/what-is-gender-based-violence/forms-of-violence

*„Сите форми на насилство имаат психолошки аспект, бидејќи главната цел да се биде насилен или навредлив е да се повреди интегритетот и достоинството на друго лице. Освен ова, постојат одредени форми на насилство кои се вршат со употреба на методи кои не можат да се ставаат во други категории и за кои може да се каже дека причинуваат психичко насилство во „чиста“ форма. Ова вклучува изолација или затворање, прикривање информации, дезинформации и заканувачко однесување“.*[13]

**Сексуалното и родово-базираното насилство** се однесува на секој штетен чин што е извршен против волјата на едно лице и се заснова на родови норми и нееднакви односи на моќ.[14]

**Економско насилство** - Секое дело или однесување кое причинува економска штета на некое лице. Економското насилство може да биде во форма на, на пример, имотна штета, ограничување на пристапот до финансиски ресурси, образование или пазарот на труд или непридржување кон економските одговорности, како што е алиментацијата.[15]

*„Социо-економското насилство е истовремено и причина и последица на доминантните односи на родова моќ во општествата. Некои од најтипичните облици на социо-економско насилство вклучуваат одземање на заработката на жртвата, не дозволувајќи ѝ да има посебен приход (принуден статус на „домаќинка“, работа во семејниот бизнис без плата) или да ја направи неспособна за работа преку насочена физичка злоупотреба. Во јавната сфера ова може да вклучи одбивање на пристап до образование или (подеднакво) платена работа (главно на жени), одбивање на пристап до услуги, исклучување од одредени работни места, одбивање на уживање и остварување на граѓански, културни, социјални или политички права“.*[16]

## ПОСЕБНИ ОБЛИЦИ НА РОДОВО-БАЗИРАНО НАСИЛСТВО

Насилството врз девојките вклучува сексуално насилство, детски бракови, сексуално вознемирување, осакатување на женски гениталии, насилство од интимен партнер, трговија со луѓе, сексуална експлоатација и злоупотреба. Ефектите се сериозни и на краток и на долг рок и може да вклучуваат сериозни физички повреди, сексуално преносливи инфекции како ХИВ/СИДА, принудна и несакана бременост, и поголем ризик од смртност на мајките.

---

[13] „Gender Matters Manual on addressing gender-based violence affecting young people“, Совет на Европа, 2019; достапен на: https://rm.coe.int/gender-matters-a-manual-on-addressing-gender-based-violence-affecting-/16809e1c34

[14] https://www.ippf.org/sites/default/files/ippf_cccg_chapter_10_sgbv.pdf

[15] Европски институт за родова еднаквост, https://eige.europa.eu/gender-based-violence/what-is-gender-based-violence/forms-of-violence

[16] https://www.unescwa.org/sd-glossary/socio-economic-violence

Момчињата се исто така жртви на трговија со луѓе и родово-базирано сексуално насилство и експлоатација, но поради стигматизацијата, огромен број на случаи и понатаму остануваат непријавени. Иако експлоатацијата и насилството може да се случат секому, штетните општествени норми и родовата нерамнотежа на моќ ги прават младите жени и девојки особено ранливи.

Младите жени обично се плашат да пријават РБН, а кога го прават тоа, нивните семејства и заедници често не им веруваат, ги игнорираат или ги обвинуваат и засрамуваат.

**Детскиот брак** е *формална или неформална заедница пред наполнети 18 години*.[17] Тоа претставува кршење на човековите права на децата и форма на родово-базирано насилство што им го одзема детството на децата. Исто така, детските бракови им го нарушуваат нивното образование и доведуваат до ранливост на насилство, дискриминација и злоупотреба.

**Присилен брак** *„е брак во кој едната и/или двете страни лично не ја изразиле својата целосна и слободна согласност за стапување во заедница. Детскиот брак се смета за форма на принуден брак, имајќи предвид дека едната и/или двете страни не изразиле целосна, слободна и информирана согласност. Нашироко е прифатено дека детскиот брак е кршење на правата на децата и има неколку штетни ефекти врз животот на децата (најчесто девојчиња), вклучително и рана и честа бременост, повисоки ризици од смртност и морбидитет кај мајките, ограничено одлучување за семејни прашања и напуштање на училиштето.“*[18]

- Околу 40 милиони девојки на возраст од 15 до 19 години ширум светот во моментов се во брак или во заедница.
- Секоја година, околу 12 милиони девојчиња ќе стапат во брак пред да наполнат 18 години – а од нив, 4 милиони се помлади од 15 години.
- Проценка: Дополнителни 2,5 милиони девојчиња на глобално ниво се изложени на ризик од детски брак помеѓу 2020 и 2025 година, како резултат на пријавените зголемувања на сите видови родово-базирано насилство поради пандемијата со Ковид-19.
- Се проценува дека до 2030 год., 150 милиони девојки ќе го изгубат детството поради детски брак.

Извор: https://www.savethechildren.org/us/charity-stories/child-marriage-a-violation-of-child-rights

**Осакатување на женските гениталии** (ОЖГ) се однесува на сите процедури кои вклучуваат делумно или целосно отстранување на женските надворешни гениталии или други повреди на женските генитални органи од немедицински причини. Најчесто се врши кај млади девојчиња

[17] https://www.unwomen.org/en/what-we-do/ending-violence-against-women/faqs/types-of-violence

[18] https://www.unwomen.org/en/what-we-do/ending-violence-against-women/faqs/types-of-violence

помеѓу бебешка возраст и возраст од 15 години.[19] Во секоја форма во која се практикува, ОЖГ е кршење на основните човекови права на девојчињата и жените, вклучувајќи ги нивните права на здравје, безбедност и достоинство.

- Се проценува дека околу 200 милиони девојчиња и жени ширум светот биле подложени на некаков облик на осакатување на женските гениталии (ОЖГ) – многу од нив пред да наполнат 15 години. И покрај тоа што е меѓународно прифатено како кршење на човековите права, ОЖГ опстојува од различни причини. Без разлика каде и како се изведува, ОЖГ предизвикува екстремна физичка и психичка повреда.

Извор: https://www.unicef.org/stories/what-you-need-know-about-female-genital-mutilation

**Трговија со луѓе/деца**

*„Трговијата со луѓе е глобален криминал кој тргува со луѓе и ги искористува за профит. Трговците со луѓе применуваат физичка и сексуална злоупотреба, уцена, емоционална манипулација и одземање на официјални документи за да ги контролираат своите жртви. Експлоатацијата може да се случи во матичната земја на жртвата, при емигрирање или во странска земја. Трговијата со луѓе има многу облици. Иако жртви на ова злосторство можат да бидат мажи, жени и деца од сите возрасти и од секакво потекло, примарна цел се жените, а девојките главно се тргувани за сексуална експлоатација“.*[20]Трговијата со луѓе/деца може да вклучува принудна работа, домашно слугување, трговија со органи, должничко ропство, регрутирање деца како деца војници и/или сексуална трговија и присилна проституција.

- И девојките и момчињата се ранливи на трговија со деца. Меѓутоа, девојките се несразмерно повеќе погодени и мора да се справуваат со доживотните ефекти од родовата нееднаквост и родово-базираното насилство.
- Честопати, девојчињата ширум светот се принудени да го напуштат училиштето или не им се дозволува пристап до можности за остварување приходи. Ваквата социјална исклученост може да ги зароби девојките во циклус на екстремна сиромаштија, како и зголемена ранливост на трговија со луѓе и експлоатација.
- Девојките имаат двапати поголема веројатност да бидат пријавени како жртви на трговија со луѓе.
- Девојките претежно се тргувани за принудни бракови или за сексуално ропство.

---

[19] https://www.unwomen.org/en/what-we-do/ending-violence-against-women/faqs/types-of-violence

[20] https://www.unwomen.org/en/what-we-do/ending-violence-against-women/faqs/types-of-violence

- 120 милиони девојки ширум светот доживуваат сексуална експлоатација.

Извор:
https://www.unwomen.org/en/what-we-do/ending-violence-against-women/faqs/types-of-violence
https://www.savethechildren.org/us/charity-stories/child-trafficking-awareness

**Насилство од интимен партнер**

*„Насилството од интимен партнер претставува однесување на интимен партнер или поранешен партнер кое нанесува физичка, сексуална или психичка повреда, вклучувајќи физичка агресија, сексуална принуда, психичко злоставување и контролирачко однесување. Ова е еден од најчестите облици на насилство што го доживуваат жените на глобално ниво. Насилството од интимниот партнер е една од формите на семејното насилство. Семејното насилство е насилство што се случува во рамките на личната, домашната сфера, генерално помеѓу индивидуи кои се поврзани преку крвна линија или интимност. Семејното насилство не е ограничено само на жените; на пример, вклучува и злоупотреба на деца и злоупотреба на стари лица во домашната сфера.*[21]

На глобално ниво, околу 1 од 5 адолесцентни девојки доживеале скорешно насилство од интимен партнер.

Извор: https://www.unwomen.org/en/what-we-do/ending-violence-against-women/faqs/types-of-violence

**ГЛАВНИ ПРИЧИНИ ЗА РОДОВО-БАЗИРАНО НАСИЛСТВО**

Постојат многу причини за РБН, некои од нив се:

- Родова нееднаквост, родови стереотипи и патријархални култури (нееднакви односи на моќ меѓу жените и мажите)
- Конфликти, кризи и раселување
- Сиромаштија и други економски предизвици
- Недостаток на правна заштита

Постојат различни теоретски пристапи (човекови права, развој и род). Интегрирањето на сите перспективи во еден холистички пристап е од суштинско значење за соодветно да се разберат причините за родово-базираното насилство и ефективно да се оди кон негова елиминација.

[21] https://www.unwomen.org/en/what-we-do/ending-violence-against-women/faqs/types-of-violence

**РЕЛЕВАНТНИ МЕЃУНАРОДНИ И РЕГИОНАЛНИ ДОКУМЕНТИ ЗА РОДОВИ ПРАШАЊА**

Постојат неколку значајни меѓународни и регионални инструменти, како конвенции, декларации и платформи кои го дефинираат родот, родовата дискриминација, родово-базираното насилство, ги опишуваат различните форми на такво насилство и обезбедуваат заштитни мерки.

- Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените на Обединетите нации[22] (1979) е еден од најважните документи за постигнување вистинска еднаквост меѓу мажите и жените, кој служи како основа за елиминирање на родово-базираното насилство.
- Декларацијата за елиминација на насилството врз жените на Обединетите нации[23] (1993) е првиот меѓународен инструмент кој конкретно и експлицитно се занимава со прашањето за насилството врз жените.
- Пекиншката декларација и платформа за акција[24] (1995) е универзален план за зајакнување на жените и спречување на насилство врз жените.
- Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство на Советот на Европа, позната како Истанбулска конвенција (2011), и многу други.

[22] Достапна на: https://www.ohchr.org/en/instruments-mechanisms/instruments/convention-elimination-all-forms-discrimination-against-women

[23] Достапна на: https://www.ohchr.org/en/instruments-mechanisms/instruments/declaration-elimination-violence-against-women

[24] Достапна на: https://www.un.org/womenwatch/daw/beijing/pdf/BDPfA%20E.pdf

**ПОГЛАВЈЕ II**

***ВОВЕД И ФОРМИРАЊЕ НА ОСНОВАТА***

Пред да започне обуката, учесниците треба да се опуштат, да се чувствуваат пријатно, да откриваат работи еден за друг и да ги научат имињата на другите. Фасилитаторот треба брзо да им објасни дека на оваа обука ќе учат преку вежби и активности и сесии со практично учење, наместо преку слушање предавања. Ако работите со учесници кои веќе се познаваат, можете да ги прескокнете воведните делови и игрите за учење имиња.

Целите на активностите наведени во ова поглавје се:

- Создавање позитивна атмосфера за поттикнување на активно учество во обуката.
- Воспоставување безбедна средина каде учесниците можат отворено да ги изразуваат своите мислења, верувања, лични искуства или емоции.
- Разјаснување на намерите, целите и логистичките детали.
- Поврзување на содржината на обуката со конкретните потреби на учесниците.

***<u>ВОВЕДНА АКТИВНОСТ</u>***

**Краток преглед**:

Воведната активност има за цел да го олесни меѓусебното претставување, да ги запознае учесниците со целите на обуката и да поттикне тимско поврзување преку активности како што се игри со имиња, дефинирање на очекувањата и утврдување на основни правила за создавање позитивна и инклузивна средина за учење.

**Цели:**

- Взаемно претставување и запознавање на учесниците и обучувачите
- Запознавање со обуката и нејзините цели
- Тимско поврзување

**Време:** 90 минути (во зависност од бројот на учесници)

**Инструкции:**

Предлог распоред на воведните активности:

- Претставување
- Запознавање во парови
- Основни правила

- Очекувања, надежи и стравови

**ПРЕТСТАВУВАЊЕ**

**Цели**:

- Да им се посака кратко добредојде на учесниците, да им се искаже благодарност за учеството и да им се даде претстава за практичниот карактер на обуката.

**Време**: 20 минути

**Материјали:** Не се потребни никакви материјали.

**Инструкции:**

- Започнете ја обуката со претставување на фасилитаторите. Оставете ги учесниците да кажат неколку зборови за себе.
- Учесниците веројатно ќе бидат нервозни и загрижени за природата и содржината на обуката. Веројатно ќе имаат многу прашања. Уверете ги дека додека работат во текот на денот ќе добијат одговор на многу од овие прашања.
- Заблагодарете им се на луѓето што дошле и објаснете им дека младите ги сметаме за срцето на програмата и двигатели на промените.
- Потоа, фасилитаторот ќе ги претстави целите на обуката: разбирање на родовата еднаквост, родовите улоги, родово-базираната дискриминација, различни облици на родово-базирана дискриминација и насилство и истражување на стратегии за спречување на нивното појавување.
- Нагласете дека целта на обуката не е да ги насочи учесниците кон одреден начин на размислување. Фасилитаторите немаат намера да пропишуваат што се смета за правилно или погрешно. Наместо тоа, целта е да се насочат учесниците во истражување на теми поврзани со родот, родовата еднаквост и значењето на поддршката од заедницата.
- Потоа, фасилитаторот ќе ги претстави предложените теми и агенда.

**ЗАПОЗНАВАЊЕ ВО ПАРОВИ**

**Цели**:

- Да им се помогне на учесниците подобро да се запознаат еден со друг, да се воспостави пријатна атмосфера и учесниците да зборуваат на целата група.

**Време:** 30-40 минути (во зависност од бројот на учесници)

**Материјали:** Не се потребни никакви материјали.

**Инструкции:**

- Учесниците седат во круг.
- Поделете ги во парови од „А“ и „Б“.

- Дајте им 2-3 минути да им поставуваат прашања на партнерот во парот. Треба да го дознаат името на партнерот и едно добро нешто што им се случило неодамна.
- Потоа го претставуваат својот партнер во групата и секој учесник има по една минута за тоа. На групата ѝ го кажуваат името на нивниот партнер и добрата работа што се случила неодамна.

**ОСНОВНИ ПРАВИЛА**

**Цели**:

- Да се зајакнат учесниците овозможувајќи им да постават правила за однесување за време на обуката. Да се поттикне стекнување на чувство на еднаква сопственост на обуката.

**Време:** 15 минути

**Материјали:** Флипчарт и маркер.

**Инструкции:**

- Треба да се договориме за неколку правила кои ќе ги почитуваме за време на обуката. Правилата треба да бидат напишани на табла/флипчарт. Од учесниците се очекува да предложат свои правила.
- Започнете со тоа што ќе побарате од учесниците да седнат во круг.
- Побарајте од нив да предложат правила со кои се регулира однесувањето и водењето сметка за времето во текот на обуката. Честопати прво ќе размислуваат за правила за нивното сопствено однесување. Доколку учесниците не ви ги предложат, можете вие да предложите правила во врска со внимавањето на времето, неучтивоста, агресивноста, пушењето, користењето мобилни телефони. Обидете се да не им ставате зборови во устата.
- Некои од правилата може да бидат: исклучете ги мобилните телефони; почитувајте го времето – започнете на време, завршете на време; почитувајте ги другите учесници и фасилитаторите; зборувајте еден по еден; почитувајте ја доверливоста.
- Охрабрете ги да предложат насоки кои го регулираат вашето и однесувањето на другите фасилитатори. Учесниците треба уште од самиот почеток да почувствуваат дека работилницата ќе се заснова на дијалог меѓу еднакви.
- Додека учесниците даваат предлози, прво прашајте ја групата дали сите се согласуваат со идејата, а потоа дали се согласуваат со формулацијата. Некои веруваат дека се создава подобра атмосфера ако правилата се позитивни наместо негативни. На пример, „Секогаш мора да зборуваме учтиво“ наместо „Без пцуење“.
- Прашајте ги учесниците дали се согласуваат да се придржуваат до овие основни правила.
- Истакнете ги основните правила на ѕидот во просторијата каде се одржува обуката.

**ОЧЕКУВАЊА од обуката**

**Цели**:

- Да им се овозможи на учесниците да споделат загрижености што ги имаат во врска со обуката. Исто така, да им се овозможи да кажат што се надеваат да стекнат од обуката.

**Материјали**: Лепливи ливчиња за белешки, по три за секој учесник.

**Време**: 20 мин.

**Инструкции:**

- Прашајте ги учесниците како се чувствуваат. Доколку е потребно, објаснете дека е природно да се чувствуваат возбудени или нервозни на почетокот на работилницата. Кажете им дека сакате да започнете со тоа што ќе дознаете какви надежи и стравови донеле со себе. Кажете им дека работата ќе биде полесна ако сите сме искрени и отворени за нашите чувства. Дајте им на сите по три мали ливчиња или три лепливи ливчиња за белешки.
- Замолете ги да работат сами неколку минути размислувајќи за нивните чувства.
- Потоа замолете ги да ги напишат своите одговори на следниве прашања: Што очекувам од обуката?; Што очекувам од себеси на обуката?; Што очекувам од другите на обуката? Или можете да користите други три прашања: Што сакам да се случи? Што не сакам да се случи? Што можам да внесам во обуката/групата?
- Кога ќе завршат, треба да им ги соберете ливчињата. Можете да ги ставите на ѕидот и да им предложите на учесниците да одат да ги прочитаат, или можете да ги измешате и да ги прераспределите и да побарате од учесниците да прочитаат што им било дадено.
- На крајот од обуката прашајте ги учесниците дали некое од очекувањата е веќе постигнато и/или се случило.

**ПРИКАЗНА ЗА МОЕТО ИМЕ**

**Краток преглед:**

Оваа активност служи како игра за зближување и како вежба за поврзување на групата. Дополнително, функционира како игра за учење имиња, овозможувајќи им на учесниците да се потсетат на имињата на другите преку асоцијација со некаква приказна или анегдота.

**Цели:**

- Подобро запознавање на учесниците преку поттикнување на забавна и позитивна атмосфера во групата.

**Време:** 30-40 мин., во зависност од бројот на учесници

**Материјали:** Не се потребни никакви материјали.

**Подготовки:** Не се потребни посебни подготовки.

**Инструкции:**

- Побарајте од учесниците да одвојат пет минути за да размислат за нивното име и приказната околу него. Можете да објасните дека можат да размислуваат за тоа како нивните родители/старатели им го дале името, ако има посебна приказна поврзана со тоа, дали има некакво значење за нивното семејство или лично значење. Дали е често име или пак посебно име во нивната земја или заедница.
- Потоа побарајте од секој учесник да ја сподели приказната со другите. Приказната не треба да трае подолго од 1 минута.
- Ако групата е помала, прво можете да побарате од учесниците да изберат партнер (по можност, некој со кој не се имаат запознаено) и да ја споделат приказната. Дајте им околу 10 минути за овој процес на споделување и потоа замолете секој од учесниците да ја сподели приказната за својот партнер.

**Клучни точки за завршна дискусија**

Активноста може да се користи без да има завршна дискусија, но доколку сакате да има, можете да ги искористите следниве прашања:

- Како беше да се размислува за вашето име и приказната околу него? Дали некогаш порано сте размислувале за ова?
- Како беше да се слушаат приказните за имињата на другите? Имаше ли нешто што ве изненади?
- Ако би имале можност, дали би го промениле вашето име, и зошто?
- Дали најдовте некакви културни врски со имињата на другите учесници/слични приказни и ситуации? Како ви се чинеше тоа?

**КОНЦЕНТРИЧНИ КРУГОВИ**

**Краток преглед:**

Ова е активност за зближување/поврзување на групата. Ја олеснува конверзацијата и обезбедува информации за другите.

**Цели:**

- Запознавање на учесниците и создавање на сигурна и слободна атмосфера.

**Време:** 50-60 минути

**Материјали:** Листата на реченици која може да се најде во додатокот за оваа активност.

**Подготовка:** Копија од листата со речениците; подгответе двоен круг од столчиња свртени едни спрема други, со еднаков број на столчиња во двата кругови.

**Инструкции:**

- Наредете ги столчињата во два концентрични кругови, така што секое столче е свртено кон столчето во другиот круг (видете ја илустрацијата). Бројот на столчиња е еднаков на бројот на учесници. Кажете им на учесниците да седнат во двата круга кои се свртени еден кон друг.
- Објаснете дека во првиот дел од оваа вежба ќе се обидеме да ги запознаеме другите дискутирајќи за некои теми што ќе ги презентира фасилитаторот. За секое прашање ќе има 2 минути во кои ќе можат да го дадат одговорот, по 1 минута за секое. Фасилитаторот ќе ги дава прашањата/речениците, ќе го следи времето, ќе објави кога ќе заврши првата минута и по две минути ќе побара од лицата во надворешниот круг да се поместат едно место налево.



- Прочитајте ја првата реченица и замолете ги учесниците да ја погледнат особата пред нив и секој да дискутира по една минута за тоа. Кажете им кога ќе помине 1 минута.
- По 2 минути, тие од надворешниот круг нека се преместат едно столче надесно.
- Повторете го процесот со новосоздадените парови: дајте им ја реченицата, избројте 1 минута, по 2 минути побарајте од надворешниот круг да се помести.
- Повторувајте го процесот додека не се завршат сите реченици.

**Клучни точки за завршна дискусија**

- Како се чувствувавте кога ги споделувавте овие информации со вашите партнери?
- Без да кажувате имиња, како се чувствувавте додека другите ве слушаа?
- Имаше ли нешто што ве изненади или што ви беше ново во разговорот?
- Кои од прашањата ви беа потешки за одговарање, и зошто?
- Во кои од прашањата уживавте?
- Што научивте од оваа активност?

**Забелешки за фасилитаторот:**

Оваа вежба е добар избор за оние учесници на кои им е попријатно на почетокот на обуката да разговараат само со една личност на одредена тема, наместо да ги споделат своите размислувања со целата група. Важно е да се земе предвид дека изборот на прашањата за разговор треба да се прилагоди на профилот на луѓето во групата. Треба да се дадат јасни упатства за временската рамка за да можат и двајцата учесници да зборуваат во секоја ротација.

**Додаток за активноста:**

Концентрични кругови – прашања/реченици

1. Споделете со партнерот некои работи кои ви се најважни во животот.
2. Споделете со партнерот кое место би сакале да го посетите повторно.
3. Опишете некој настан во вашиот живот кој најмногу влијаел врз вас.
4. Која е особата која имала силно влијание врз вас?
5. Опишете го омилениот наставник од основно училиште. Зошто ви беше омилен/а?
6. Кој ви беше најголем идол додека растевте, и зошто?
7. Опишете некоја идеја за родовите разлики што сте ја добиле додека растевте.
8. Споделете со партнерот некои предрасуди за вашиот род што ве вознемируваат.
9. Опишете некои предрасуди за вашиот род за кои чувствувате дека не важат за вас.
10. Опишете некоја идеја/предрасуда што сте ја имале за спротивниот род што се покажала како погрешна. Како се променила?

11. Наведете една предност која би ја имале ако бевте од спротивниот род.
12. Опишете некоја ситуација кога сте биле обесхрабрени да направите нешто затоа што сте машко или женско.
13. Опишете некоја ситуација кога сте биле сведоци на покажување предрасуди кон некого поради неговиот/нејзиниот род. Како одговоривте на тоа?
14. Кој род мислите дека е попривилегиран во вашето општество, и зошто?

**ТРИ НАСТАНИ КОИ МЕ ПОТТИКНАА ДА СЕ ВКЛУЧАМ ВО ОВАА ОБУКА**

**Краток преглед:**

Во оваа активност, учесниците индивидуално размислуваат за настаните кои влијаеле за нивното учество во обуката за родови прашања, ги изразуваат своите чувства за решавање на родовите прашања во група, проследено со дискусија за емоциите и потенцијалните прашања кои произлегуваат од активноста.

**Цел:**

- Да се поттикнат учесниците да размислуваат за личните мотиви за приклучување на обуката и да споделат одговори за тоа како се чувстваат што учествуваат на обука за родова еднаквост и антидискриминација.

**Време:** 40 минути

**Материјали:** Листови хартија и пенкала за секој учесник.

**Подготовка:** Не е потребна претходна подготовка.

**Инструкции:**

- Побарајте од учесниците индивидуално да напишат три настани кои им влијаеле да одлучат да се вклучат во обуката, и дајте им 10 минути за тоа.
- Потоа, побарајте да напишат како се чувствуваат што се дел од обука која се занимава со родови прашања. (10 минути)
- Потоа, фасилитаторот повикува доброволци да го споделат напишаното.

**Клучни точки за завршна дискусија**

- Како се чувствувавте во текот на активноста?

- Дали после оваа активност се појавија некои прашања за кои би сакале да разговарате повеќе за време на обуката?

**ШТО МИ СЕ ДОПАЃА И НЕ МИ СЕ ДОПАЃА ЗА МЕСТОТО КАДЕ ШТО ЖИВЕАМ?**

**Краток преглед:**

Во оваа активност, учесниците споделуваат работи за местото каде што живеат кои особено им се допаѓаат и не им се допаѓаат, поттикнувајќи дискусии за личните погледи за нивните заедници.

**Цел:**

- Запознавање со различните средини од кои доаѓаат учесниците.
- Споделување на мислења за тоа што ни е важно во општеството во кое живееме.

**Време:** 60 минути (во зависност од бројот на учесници)

**Материјали:** Флипчарт, маркери, лист хартија и маркери во боја за секој учесник.

**Подготовка:** Не е потребна претходна подготовка.

**Инструкции:**

- Задачата е секој да нацрта нешто што особено не му се допаѓа во своето место/место каде што живее (може да биде град, општина, држава). Уверете ги оние кои мислат дека не се добри во цртање дека ова не е уметничка вежба и дека цртежот само дава основа за нивното мислење за работите. Дајте им пет минути. Откако ќе се завршат цртежите, секој учесник го објаснува својот цртеж на пленарна сесија. Ќе имаат 1 минута по учесник.
- После тоа, следната задача за учесниците е да нацртаат нешто што особено им се допаѓа во животот во нивното место (град, општина, држава). Дајте им пет минути и за ова. Откако ќе се завршат цртежите, секој учесник го објаснува својот цртеж на пленарна сесија во најмногу 1 минута.
- Фасилитаторот ги запишува нивните одговори на флипчарт и ги сумира.

**Клучни точки за завршна дискусија:**

- Како се чувствувавте во текот на активноста?
- Лесно ли ви беше да размислите што најмногу ви се допаѓа во вашето место?
- Лесно ли ви беше да размислите што воопшто не ви се допаѓа во вашето место?

**ПОГЛАВЈЕ III**

***РОДОВИ ПРАШАЊА, УЛОГИ НА МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ ВО ОПШТЕСТВОТО И РОДОВА ЕДНАКВОСТ***

Општеството создава и обликува очекувања и улоги за луѓето врз основа на нивниот род, влијаејќи на начинот на живот и можностите за мажите и жените. Дискутирањето за родовата еднаквост е клучен аспект во современото општество. Една од целите на борбата за еднаквост е да се избегне дискриминирање и да се овозможат еднакви можности за сите, без разлика на родот.

Мажите и жените имаат право на еднакви можности и почит во различни области, како што се образованието, вработувањето, политиката и семејството. Еднаквоста подразбира и елиминирање на стереотипите и предрасудите поврзани со родот, како и почитување на изборот на поединецот.

Се поттикнува градење на свест и поддршка за родова еднаквост, вклучително и еднакви можности за професионален напредок, право на донесување одлуки за своето тело и здравје, и балансирање на одговорностите во семејството помеѓу мажите и жените.

Важно е да се работи на создавање на општество каде што мажите и жените се третираат еднакво и каде секој може да учествува во обликувањето на заедницата, без разлика на нивниот род.

Некои од целите на ова поглавје вклучуваат: подигање на свеста за постоечката дискриминација заснована на родот и меѓусебната поврзаност на дискриминацијата на жените и мажите, преиспитување на улогите предодредени од општеството, препознавање на сопствената одговорност во одржувањето на однапред одредените улоги, зајакнување за преземање акција за промени, итн.

***<u>ПОЛ, РОД И РОДОВИ УЛОГИ</u>***

**Краток преглед:**

Во оваа активност, учесниците ќе се запознаат со концептот на род и пол, разликувањето помеѓу двете, и ќе се зајакнат за препознавање на особините кои им се припишуваат на мажите и жените, одредени биолошки или од општеството.

**Цели:**

- Да им се овозможи на учесниците да се запознаат со концептот на род, да ги дефинираат поимите род и пол и да прават разлика меѓу нив.

- Да се зајакнат учесниците за правење разлика околу тоа кои особини што им се припишуваат на мажите или жените се одредени биолошки, а кои се одредени од општеството.

**Време:** 45 минути

**Материјали**: Флипчарти и маркери.

**Подготовка:** Не е потребна претходна подготовка.

**Инструкции:**

- Воведен дел: Фасилитаторот ги прашува учесниците: Како препознавате дали некој е машко или женско? Дали тоа се заснова на нивното однесување, облека, фризура...? Оставете ги учесниците слободно да коментираат.
- По делот за споделување на брзи одговори, поделете ги учесниците во групи во зависност од бројот на учесници. Препорачливо е да има 4-5 учесници по група. Објаснете им дека ќе разговараат за темата „род“ (што општеството мисли дека значи да се биде маж или жена). Секоја од групите треба да подготви листа на зборови кои најчесто се однесуваат на маж или на жена. Секоја група ќе има 5 минути да состави листа со зборови за „маж“ и уште 5 минути за листа со зборови за „жена“.
- Додека учесниците работат на задачата, фасилитаторот на флипчарт треба да нацрта две колони и над едната да напише машко, над другата женско. Направете уште две колони под секој збор и означете ја едната „биолошки“, а другата „општествени“.

| Женско | | Машко | |
|---|---|---|---|
| Биолошки | Општествени | Биолошки | Општествени |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

- Потоа, побарајте од секоја група да ги прочита зборовите од листите.
- Додека тие ги читаат зборовите, фасилитаторот треба да ги праша членовите на групата:
    - Кои карактеристики ги поврзувате со мажите? Дали овие особини се одредени биолошки или се одредени од општеството?
- Ако некои карактеристики се обележани како биолошки, но се одредени од општеството, прашајте: Ако некое момче или маж ги нема овие карактеристики, дали тоа значи дека не е машко?
- Направете го тоа со сите групи додека не ги имате сите одговори во колоната за машки

карактеристики. На пример, најчесто ова се зборовите што асоцираат на маж: физички силен, без емоции, финансиски успешен и стабилен, глава на семејство…

- Повторете го овој процес за карактеристиките поврзани со жените. Најчестите примери на зборови вклучуваат: грижлива, тивка, зборлива, комуникативна, одговорна за воспитувањето на децата…
- Дајте 10 минути за дискусија. Некои карактеристики на мажите и жените се биолошки (на пример, само гласовите на мажите се менуваат за време на пубертетот, само жените можат да раѓаат и да дојат). Повеќето карактеристики се определени од општеството.

Улогите на мажите и жените коишто се одредени од општеството се викаат родови улоги.

**Клучни точки за завршна дискусија**

- Прашајте ја групата дали претходно имаат слушнато за овој концепт.
- Прашајте ги дали се согласуваат со сите аспекти за тоа како жените треба да се однесуваат во животот. А како треба да се однесуваат мажите? Што мислите дека значи „родова еднаквост“?
- Прашајте ја групата кој сѐ влијае на создавањето на родовите улоги за време на воспитувањето на децата.
- Кои се биолошките детерминанти за машкиот и женскиот пол?
- Што вообичаено се смета за очекувана карактеристика или однесување за момчињата/мажите, а што за девојчињата/жените?

**Забелешки за фасилитаторот:** Во зависност од атмосферата во групата, оваа активност може да се одржи со дополнителна дискусија за најчесто користените изјави за полот и родот, што може да послужи како основа за создавање на стереотипи и предрасуди или нивно засилување. Фасилитаторот бара од учесниците да утврдат кои од следните изјави се однесуваат на родот, а кои на полот, и отвора дискусија за тоа.

- Жената ги шета децата. (Род)
- Жената носи бебе во утробата. (Пол)
- Мажот не смее да плачи. (Род)
- Мажот има длабок глас. (Пол)
- Мажот не носи црвени пантолони. (Род)
- Жената го храни/дои бебето. (Пол)
- Жената готви ручек. (Род)
- Девојчињата се нежни, момчињата се силни. (Род)
- Повеќето градежни работници се мажи. (Род)
- Гласот на мажот станува подлабок во пубертетот, а гласот на жената не. (Род)

***<u>ВЕЖБА „АВТОБУС“</u>***

**Краток преглед:**

Ова е активност каде што учесниците ќе бидат вклучени во играње улоги (на доброволна основа) за да прикажат различно однесување помеѓу мажите и жените при користење на јавниот превоз. Активноста ќе ги прикаже очекуваните и прифатените модели на однесување за мажите и жените во секое општество.

**Цел:**

- Да им овозможи на учесниците да размислат за улогите одредени од општеството.

**Време:** 45 минути

**Материјали:** Пет столчиња.

**Подготовка:** Не е потребна претходна подготовка.

**Инструкции:**

- Пет столчиња се поставени едно до друго (како седишта во јавен превоз), видливи за целата група. Второто и четвртото столче се резервирани за жени, додека останатите три се за мажи. Од тројца машки доброволци се бара да замислат дека се во јавен превоз, поточно автобус. Ним им е наложено да седнат на столчињата (првото, третото и петтото) и да заземат типични машки пози. Потоа, се замолуваат две жени да се придружат на сцената, да седнат и да заземат типични женски пози. Набљудувачите се замолуваат да не зборуват и да запишуваат белешки доколку е потребно. Сцената се одвива доволно долго да ги натера актерите да се чувствуваат непријатно и да иницираат интеракции, оставајќи ја да се развива малку (2-3 минути).
- На еден од тројцата машки доброволци му се кажува да се врати и седне назад во групата, а од групата се бара уште една жена доброволец. Актерите добиваат задача да ги преземат улогите од спротивниот род. Од нив се бара да седнат на соодветните столчиња за прво жените да заземат типични машки пози, а потоа мажите да заземат женски пози. Сцената се одвива неколку минути за да се развие интеракција. Од набљудувачите се бара да коментираат што забележуваат и да ја споредат моменталната состојба со претходната. Учесниците се испрашуваат за нивното искуство во улогата/улогите.

**Клучни точки за дискусија:**

- Како се чувствувате додека ја игравте улогата?
- Што забележавте?
- Што можеме да научиме од оваа вежба?

***<u>АСОЦИЈАЦИИ ЗА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ</u>***

**Краток преглед:**

Преку индивидуална работа и работа во парови, учесниците ќе ги искажат своите ставови за тоа кои зборови се асоцијации за „мажи“ и „жени“ во нивната средина/култура.

**Цел:**

- Да се подобри чувствителноста на учесниците за родовите разлики и сличности.

**Време:** 45 минути

**Материјали:** Флипчарт, празни листови А4, маркери.

**Подготовка:** Не е потребна претходна подготовка.

**Инструкции:**

- Поделете ги учесниците во две мешани групи. Сите учесници во двете групи добиваат по два листа хартија. Имаат 5 минути да ги запишат своите први одговори/асоцијации на дадената тема. Првата тема е: Кои асоцијации на зборови ви паѓаат на ум кога ќе го слушнете зборот „маж“? И „какви се мажите?“ Потоа, листовите хартија се собираат и се поставуваат на таблата.
- Потоа, се чита следната тема: Какви асоцијации на зборови ви паѓаат на ум кога ќе го слушнете зборот „жена“. „Какви се жените?“ Кога сите листови се поставени на таблата, фасилитаторот ги чита дадените одговори. На учесниците им се нуди можност да додадат повеќе доколку сакаат.
- Учесниците се поттикнуваат да се вклучат во дискусија за некои од следниве прашања: Како ви се чинат овие асоцијации?; Од каде доаѓаат?; Што претставува рамноправноста за вас?; Можете ли да споделите некои примери за еднаквост и рамноправност?; Дали верувате дека тоа може да се постигне во вашата средина?

**Клучни точки за завршна дискусија**

- Како се чувствувавте за време на вежбата?
- Колку се цензуриравте себеси? Колку сте изненадени од тоа што го напишавте?
- Од каде доаѓаат овие асоцијации? Колку овие асоцијации имаат врска со предрасудите?
- Дали сте биле сведоци на изразени негативни ставови кон жените/девојките во вашата околина?
- Како би им било на жените доколку ги прифатат родовите карактеристики кои традиционално се поврзуваат со мажите? Дали би им било тешко или лесно? Како би им било на мажите доколку ги прифатат родовите карактеристики кои традиционално им се доделуваат на жените?
- Дали мажите и жените се воспитуваат на ист начин? Зошто да, или зошто не? Кои карактеристики што им се припишуваат на жените и мажите нашето општество ги цени како позитивни или негативни?

- Дали оваа вежба ве инспирираше да размислувате за родовите стереотипи?
- Што научивме од вежбава?
- Има ли нешто коешто можеме да го примениме во сопствениот живот или врска?

**ШТО ЗНАЧИ ДА СЕ БИДЕ ИДЕАЛЕН МАЖ И ИДЕАЛНА ЖЕНА?**

**Краток преглед:**

Во оваа активност, учесниците припишуваат очекувања за идеален маж и жена, се отвора дискусија за општествените родови норми, стереотипи и влијанието на овие очекувања врз поединците, проследено со размислувања за личните впечатоци и врски со пошироките општествени ставови.

**Цел:**

- Да се истражува и размислува за општествените родови норми и стереотипи преку припишувања на очекувања за идеален маж и жена.

**Време:** 50-60 минути

**Материјали:** Флипчарти и маркери

**Подготовка:** Не е потребна претходна подготовка.

**Инструкции:**

- Поделете ги учесниците во 4 групи и дајте им 20 минути да разговараат во групите и на флипчарт да напишат кои се очекувањата од еден идеален маж и една идеална жена.
- Кога процесот ќе заврши, фасилитаторот бара по еден претставник од секоја група да прочита/објасни што разговарале во групите во однос на очекувањата од еден идеален маж и една идеална жена. Потоа дискусијата продолжува со прашањата: Како се снаоѓа идеалниот маж со ваквите очекувања? Како се снаоѓа идеалната жена со овие ваквите очекувања?
- Каде ги учиме овие очекувања за жените и мажите? Дали овие очекувања се исти во секоја земја/регион? Дали гледате како некои луѓе ги прекршуваат овие улоги, а сепак се среќни/успешни/остварени? Дали овој портрет одговара на стереотипната слика за мажот и жената што постои во општеството?

**Клучни точки за завршна дискусија**

- Какви ви се впечатоците после вежбава?

- Како се чувствувате гледајќи ги сите очекувања од идеалната жена и идеалниот маж?
- На што ве потсеќа вежбава?

**БАРОМЕТАР**

**Краток преглед:**

Учесниците се вклучуваат во активноста „Барометар“ користејќи тврдења поврзани со родови прашања за физички да се позиционираат долж еден континуумот во просторијата. Преку дискусии водени од фасилитаторот и завршни прашања, вежбата има за цел да ја зајакне чувствителноста на учесниците за родовата дискриминација, охрабрувајќи ги да согледаат различни перспективи. Тврдењата се однесуваат на различни верувања поврзани со родот, поттикнувајќи истражување на општествените ставови и предрасуди.

**Цел:**

- Зајакнување на чувствителноста за родови прашања и родово-базирана дискриминација.

**Материјали**: Листови А4, пенкала, хартија во боја, 2-3 маркери, листа на тврдења (погледнете го додатокот за оваа активност)

**Подготовка:** Подгответе еден лист хартија со „Се согласувам“ и ставете го на едниот крај од просторијата и еден лист со „Не се согласувам“ и ставете го на другиот крај. Испечатете ја и листата со тврдења.

**Инструкции:**

1. Тврдењата „Се согласувам“ и „Не се согласувам“ се поставени на две спротивни страни од просторијата. Фасилитаторот ги чита тврдењата, а учесниците избираат на која страна од просторијата да застанат, покажувајќи дали се согласуваат или не се согласуваат со тврдењето. Планирајте околу 5 минути за дискусија за секое тврдење.

**Клучни точки за дискусија**

- Како се чувствувавте за време на сесијата?
- Има ли нешто што не го кажавте, но би сакале да го споделите?

**Забелешки за фасилитаторот:**

Овој метод се нарекува „барометар“. Во просторијата се дефинирани две крајности, на пример:

еден ѕид претставува една крајност – максимална согласност со тврдењето, додека спротивниот ѕид ја претставува спротивната крајност – максимално несогласување со тврдењето. Дополнително, на едниот крај од просторијата се става лист со „Се согласувам“, а на другиот крај „Не се согласувам“. Постои опсег на позиции помеѓу овие две крајности. Фасилитаторот го чита првото тврдење, а учесниците стојат на местото на „барометарот“ што го одразува нивното мислење, т.е. согласување или несогласување со тврдењето. Потоа, неколку учесници објаснуваат зошто ја зазеле таа позиција. Објаснувањата може да се движат од едниот до другиот крај на барометарот, но насоката на движење (од „Се согласувам“ до „Не се согласувам“ и обратно) може да се менува од тврдење до тврдење. Вежбата потоа преминува на наредното тврдење.

Важно е да не се фокусирате на она што го кажале другите, туку да ги искажувате сопствените мисли без да изразувате согласување или несогласување со другите во барометарот. Лицето кое ја води вежбата не поставува прашања и не води дијалог со другите. Целта на користењето на овој метод не е да се бара точниот одговор, туку да се разменат мислења и да се сфати дека навидум блиските позиции можат да имаат фундаментално различни основи, додека навидум различните ставови можат да имаат тесно поврзани основи. Разбирањето на другите е клучно за воспоставување и на блиски, и на различни ставови.

Барометарот обично не се модерира и на говорникот не му се поставуваат дополнителни прашања. Доколку некој во барометарот почне да изразува согласување или несогласување со нешто кажано од друго лице, треба да се прекине и да се потсети на правилото дека се изразува само сопственото мислење. Во спротивно, се создава потреба за дискусија, што е невозможно да се спроведе во форматот на барометарот, а луѓето почнуваат да се гледаат еден со друг (што е основната позиција за комуникација).

**Додаток за активноста:**

Листа на тврдења:

- Мажите имаат поголемо работно искуство.
- Вистинските мажи не земаат породилно отсуство.
- Мажите се посоодветни за лидерство во бизнис.
- Мајките се поважни од татковците за воспитувањето на децата.
- Жените треба да го прифатат презимето на сопругот.
- Жените се „жртви“ за семејството.
- Жената ориентирана кон кариера не е посветена мајка.
- Мажите имаат право да бараат секс од своите сопруги кога ќе посакаат.
- Жените имаат право да бараат секс од своите сопрузи кога ќе посакаат.
- Жените имаат право да кажат „не“ ако не сакаат да имаат секс со својот сопруг.

## ***ОБЛЕКУВАЊЕ НА КУКЛАТА***

**Краток преглед:**

Во активноста „Облекување на куклата“, учесниците се поделени во групи за да дизајнираат машки и женски кукли, доделувајќи им имиња, возрасти, активности и теми за разговор за да ги оспорат родовите стереотипи и да промовираат разноликост. Завршната дискусија вклучува разговор за изворите на нивните претпоставки и рефлективно истражување на родовите стереотипи преку давање примери за куклите.

**Цел:**

- Препознавање на родово-базирани стереотипи и поддршка за почитувањето на разноликоста.

**Време:** 50 минути

**Материјали:** Флипчарт и маркери во боја.

**Подготовка:** Не е потребна претходна подготовка.

**Инструкции:**

- Учесниците се поделени во четири групи (може да се користи различно правило за делење во групи). Ќе дизајнираат (нацртаат и облекуваат) машка и женска кукла. По цртањето на куклите, групите ќе треба да ѝ дадат име на секоја кукла, да одредат возраст (од 18-29 години), да одредат 3 активности (што сакаат куклите да прават во слободно време?) и 3 теми за разговор (за што најмногу сакаат да зборуваат?). Дајте им 20 минути за тоа.
- По работата во групи, побарајте да презентираат пред сите што сработиле.

**Клучни точки за дискусија:**

- Како знаевте како да ги облечете X и Y?
- Како знаевте што најмногу сакаат X и Y?
- Од каде ви се тие информации?
- Дали познавате некој што се облекува поинаку од очекуваните норми во општеството и дали (таа/тој) е етикетиран поради тоа?

**Забелешки за фасилитаторот:**

Можете да поставите уште едно прашање до целата група барајќи од нив да дадат предлози: „Ако добро разбравте што е родов стереотип, ајде сега во групи да напишеме три родови стереотипи за куклите X и Y“ (за да проверите колку добро разбрале што се родови стереотипи). – 15 мин.

## ***УЛОГАТА НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ ВО ОПШТЕСТВОТО***

**Краток преглед:**

Во активноста „Улогата на жените и мажите во општеството“, учесниците работат индивидуално и во парови, брзо запишувајќи ги своите првични размислувања за улогите на жените и мажите, по што следи пленарна дискусија која ги истражува набљудуваните модели, меѓусебните зависности и детерминанти на родовите улоги во општеството.

**Цел:**

- Да се испитаат и дискутираат општествените родови улоги, меѓусебните зависности и детерминантите на родовите улоги во општеството

**Време**: 30–40 минути

**Материјали**: Самолеплива ливчиња и пенкала за секој учесник, флипчарти и маркери.

**Подготовка:** Не е потребна претходна подготовка.

**Инструкции:**

- Дајте им самолепливи ливчиња за белешки во две различни бои на учесниците, и задачата е брзо да ги запишат првите одговори што ќе им паднат на ум за прашањата: Која е улогата на жените во општеството?; Која е улогата на мажите во општеството? Одговорот на првото прашање треба да се напише на ливчето со една боја, а одговорите на второто прашање да бидат напишани на ливчето со друга боја.
- Се поставува првото прашање, по 1 минута се собираат напишаните листови и се поставува наредното прашање. На табла (флипчарт) на која овие прашања се напишани како наслов, на левата страна се поставуваат ливчињата со една боја, а на десната страна ливчињата со друга боја. Потоа сите учесници се повикуваат да погледнат што е напишано.

**Клучни точки за заврша дискусија:**

- Што ви беше важно или интересно за овие ливчиња?
- Каква меѓусебна зависност/однос гледате помеѓу улогите на родовите во општеството?
- Кој/што одлучува какви улоги имаат жените и мажите во општеството?

***<u>КУТИЈА</u>***

**Краток преглед:**

Во оваа активност, учесниците во мешани групи ги испитуваат културните верувања за тоа да се биде маж/момче или жена/девојка, ги опишуваат родовите улоги и ги идентификуваат предизвиците поврзани со стереотипите или нееднаквостите преку креирање симболични кутии

кои ги претставуваат општествените очекувања, пораките добиени за време на нивното растење и повиците со кои се соочуваат кога излегуваат надвор од тие норми, проследено со креирање заеднички симболи за „вистински мажи“ и „вистински жени“ за да се нагласи родовата еднаквост и паритет.

**Цели:**

- Да се опишат родовите улоги за мажите/момчињата и жените/девојките.
- Да се идентификуваат предизвиците со кои се соочуваат момчињата и девојките поради родовите стереотипи или нееднаквости.

**Време**: 60–70 минути

**Материјали:** Флипчарти, маркери.

**Подготовка:** Не е потребна претходна подготовка.

**Инструкции:**

- Поделете ги учесниците во две групи и дајте им 30 минути за групна работа. Групите треба да се измешани. Двете групи добиваат флипчарт на која е нацртан правоаголник во средината, симболизирајќи „кутија“ во која околината се обидува да нè „спакува“. Машката група во полето треба да ги напише пораките што момчињата ги добиваат додека растат и се значајни, како на пример „Биди вистински маж (биди мажествен)!“ додека женската група ги пишува пораките што девојките ги добиваат додека растат и се значајни: „Биди вистинска жена (биди женствена)!“
- Исто така, на левата страна од нацртаното поле пишуваат пораки и повици што ги добивале кога се обиделе да излезат од постоечката кутија, а на десната страна пишуваат како биле нарекувани во тие случаи.
- После тоа, групите треба да креираат симбол за „вистински мажи“ и „вистински жени“ врз основа на пораките што ги добивале додека растеле.
- Учесниците во групата треба да направат една кутија. Заедничка кутија што ќе ја симболизира родовата еднаквост, и ќе креираат заеднички симбол што ќе ја претставува родовата еднаквост.
- Потоа следи презентација на работата на овие групи пред сите учесници. Секоја група ќе има 10 минути за презентација. По секоја презентација, другите учесници можат да поставуваат дополнителни прашања или да дадат коментари.

**Клучни точки за завршна дискусија**

- Како се чувствувате по вежбите, имајќи предвид дека со нив се креираа пораки кои ја симболизираат родовата еднаквост?
- Како ви се чинеше запомнувањето на овие пораки?

- Кој ни ги праќа овие пораки, од каде доаѓаат?
- Кои се сличностите и разликите помеѓу овие две кутии, пораки и имиња?

**ДНЕВНИ РАСПОРЕДИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ**

**Краток преглед:**

Во рамките на оваа активност, учесниците ќе ги истражуваат и дискутираат родовите улоги, традиционалните активности и предизвиците поврзани со родовите стереотипи, користејќи распореди креирани од групата за да ги истакнат разликите во секојдневниот живот на мажите и жените.

**Цели:**

- Да се испита типот на работа што традиционално ја вршат мажите и жените.
- Да се идентификуваат предизвиците со кои се соочуваат жените и мажите поради родовите стереотипи или нееднаквости.

**Време:** 50 минути

**Материјали**: Флипчарт, маркери.

**Подготовка:** Не е потребна претходна подготовка.

**Инструкции:**

- Побарајте од учесниците да размислат како повеќето жени и мажи во нивната околина го поминуваат своето време, кои работи ги прават секој ден (на пример, работа, домашни обврски), секоја седмица (на пример, одење на пазар) или поретко (на пр., одење в град/село, посетување пријатели).

- Поделете ги учесниците во четири групи и побарајте да изработат распоред што покажува што прават повеќето жени и мажи во нивната околина секој ден. Првата и втората група ќе го подготват распоредот за жени, а третата и четвртата група распоредот за мажи. Дајте им 20 минути за ова.

- Соберете ги групите заедно за да ги споредат распоредите.

**Клучни точки за завршна дискусија**

- Дали постојат разлики во распоредот на жените и мажите во однос на следниве аспекти:

работа, обврски, слободно време и студии?

- Дали мислите дека жените и мажите имаат еднакви одговорности?
- Или ли некои активости кои би сакале да ги промените?
- Има ли начини на кои жените и мажите можат да си помагаат едни на други во секојдневниот живот? Наведете примери.
- Зошто мислиме дека жените треба да прават само некои работи, и мажите да прават само некои работи? (Култура, традиција за родовите улоги.)
- Што научивме од оваа активност? (Момчињата и девојките – и мажите и жените – се способни да ги прават повеќето работи на овој свет.)

**АКТИВНОСТ ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА СВЕСТА ЗА ВРСКАТА ПОМЕЃУ РОДОТ И ПРИСТАПОТ ДО РЕСУРСИТЕ**

**Краток преглед:**

Во оваа активност, целта е учесниците да станат свесни за тоа како родот може да влијае на пристапот до ресурси и донесувањето одлуки. Ќе идентификуваат различни видови ресурси, во групи ќе разговараат за финансискиот пристап и ќе размислуваат за важноста на правичното споделување на ресурсите во семејствата. Сесијата завршува со завршна дискусија, истражувајќи ги размислувањата и заклучоците на учесниците.

**Цел:**

- Да се согледа дека родот на поединецот може потенцијално да има негативни импликации врз нивната можност да имаат пристап до ресурсите и да се вклучат во процесите на донесување одлуки.

**Време:** 70 минути

**Материјали**: Флипчарти и маркери во боја.

**Подготовка:** Не е потребна претходна подготовка.

**Инструкции:**

- Започнете ја вежбата прашувајќи ги учесниците: „Кои ресурси ви се достапни во вашиот живот? Поттикнете го идентификувањето на примери во следните категории: • Финансиски ресурси, како што се парите; • Нееkономски ресурси, кои опфаќаат време, вода, храна или природни ресурси; • Ресурси на заедницата, вклучувајќи училишта, библиотеки, продавници, семејство, пријатели, соседи и други. Нацртајте три колони на флипчарт со запишување на термините како наслови на колоните. Запишете ги

информациите споделени од учесниците според насловите на колоните. Планирајте околу 10 минути за ова.

- Потоа, поделете ги учесниците во четири групи и објаснете им дека треба да разговараат во групата за да ги слушнат меѓусебните гледишта за финансискиот пристап во домот и во заедницата. Имаат 20 минути за групна работа и треба да разговараат за следниве прашања: - Кој ги носи финансиските одлуки дома?; - Кој обично е задолжен за управување со ресурсите дома?; - Дали мажите и жените се подеднакво вклучени во управувањето со парите дома?
- После тоа, соберете ги групите повторно заедно. Побарајте од учесниците да презентираат што разговарале во групите и до какви гледишта дошле преку поставените прашања. Секоја група има 5 минути за презентација.
- Откако учесниците ќе го споделат она што го дискутирале, продолжете со дискусијата поставувајќи им ги следниве прашања: Зошто е важно семејствата да имаат избалансиран пристап до ресурсите во домаќинството?; Какви проблеми може да настанат ако само едно лице во семејството има контрола над сите ресурси? Планирајте околу 5-10 минути за овој дел.

**Клучни точки за завршна дискусија**

- Како се чувствувавте за време на вежбата? Дали вежбата ве инспирира да размислувате за работи за кои досега не сте размислувале?
- Дали знаете примери за тоа како родот на една особа може да ја спречи таа особа да има целосен или соодветен пристап до ресурсите во домот?
- Што можеме да заклучиме од оваа вежба?

**КУЛА НА МОЌТА**

**Краток преглед:**

Оваа активност започнува со поттикнување на учесниците да размислуваат за динамиката на моќ во нивните семејства преку серија прашања, проследено со групна вежба каде што на учесниците им се доделуваат улоги во семејната хиерархија и соодветно се подредуваат за да ја прикажат распределбата на моќта, што води до дискусии за правичност и потенцијални активности за решавање на родово-базираната нерамнотежа на моќ во домовите и заедниците.

**Цели:**

- Да се утврди кој носи најголем дел од финансиските одлуки и управува со ресурсите во

нивното домаќинство.

- Да се согледа дека нечиј род може негативно да влијае на нивниот пристап до ресурсите и учеството во одлучувањето.

**Време:** 45 минути

**Материјали:** Не се потребни посебни материјали.

**Подготовка:** Испечатето го листот „Кула на моќта“ (го има во додатокот за оваа активност)

**Инструкции:**

- Започнете ја активноста поставувајќи им ги следните прашања на учесниците:
  - Која е најмоќната личност во вашето семејство? Кои се знаците на ова?
  - Која е втората најмоќна личност? • А следната?;
  - Кој има најмала моќ?;
  - Дали има врска помеѓу родот и моќта и влијанието во вашето семејство? Како?
  - Кои се доказите дека некој во семејството има моќ?
- Ако не понудат одговори, сугерирајте дека пристапот до ресурси е еден знак, а влијанието и авторитетот се други. Со други зборови: Кога се дискутира, има ли некој чие мислење или аргумент има поголема тежина од нечие друго? Објаснете дека многу често, колку е поголем пристапот на една личност до ресурсите, толку повеќе влијание има таа личност. Износот што некој го придонесува во буџетот на домаќинството може да има влијание и врз нивната моќ и влијание
- Побарајте од учесниците да формираат групи од седум и секој во групата да има еден број: 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7. Побарајте од учесниците да слушаат додека читате улога за секој број од подготвениот лист (видете го додатокот за оваа активност). Погрижете се секој да ја разбере својата улога. Доколку е потребно, повторно прочитајте ги седумте членови на семејството
- Сега замолете ги учесниците во секоја група да се наредат во линија со рацете потпрени на рамениците на лицето пред нив. Најмоќната личност треба да биде на чело на линијата. Најмалку моќната личност треба да биде на крајот од линијата. Луѓето помеѓу треба, исто така, да бидат наредени по редослед на нивната моќ.
- Дајте им на учесниците во секоја група неколку минути за да ги формираат своите редови. Потоа побарајте од учесниците во секоја линија да се „претставаат“, почнувајќи од особата на почетокот на линијата и завршувајќи со особата на крајот од линијата.
- Поставете им ги следниве прашања на учесниците во публиката кои набљудуваат:
  - Кој имал подолго образование: Број 5 или Број 7? (Одговор: Имаат исто образование; и двајцата го напуштиле училиштето на 10 години);
  - Кој придонесува повеќе за домаќинството: Број 5 или број 7? (Одговор: Придонесуваат подеднакво. Број 5 работи со татко му на нива. Број 7 работи и

дома и на нива. Двајцата работат со полно работно време за доброто на семејството).

- Кој од двата има поголемо влијание: Број 5 или Број 7? Во семејните дискусии, чие мислење има поголема тежина? Дали е тоа фер?
- Што е со број 2? Дали нејзиното повисоко ниво на образование ја издигна над броевите 5 или 7?
- Ако бројот 5 е пред бројот 7 во редот, прашајте ги учесниците: o Дали мислите дека ова е фер?
- Што можете да направите за да ја подобрите ситуацијата и да се погрижите гласот на вашите сестри дома да има иста тежина колку и вашиот? (Предложени одговори: слушајте ги со почит, покажете им на другите дека сериозно ги сфаќате нивните ставови, оставете им простор да придонесат во дискусиите)

- Сега, кажете им на учесниците дека ќе ја играте играта уште еднаш. Овој пат, бројот 7 има поинаква улога, наведена подолу.
- Број 7: Нова информација - Вие сте 17-годишно девојче. Го напуштивте училиштето на 10 години. Секојдневно поминувате многу време помагајќи ѝ на мајка си во куќата, а понекогаш и помагајќи му на татко ви на нива. Минатата година успеавте да започнете и со мала дејност која носи приходи. Сега редовно придонесувате во домашниот буџет со значителна сума.
- Побарајте од групата повторно да го формира редот.
- Прашајте ги дали позицијата на бројот 7 е променета. Прашајте ги: „Ако е така, зошто? Ако не, зошто не?“ Повторно, поставете им ги следниве прашања на момчињата во групата: • Дали мислите дека ова е фер?• Што можете да направите за да ја подобрите ситуацијата и да се погрижите гласот на вашите сестри дома да има иста тежина колку и вашиот? (Предложени одговори: слушајте ги со почит, покажете им на другите дека сериозно ги сфаќате нивните ставови, оставете им простор да придонесат во дискусиите)
- На крајот, повикајте ги учесниците да се вратат назад во кругот за завршна дискусија.

**Клучни точки за завршна дискусија**

- Како се чувствувате во текот на активноста?
- Кои чекори можеме да ги преземеме како поединци, во нашите домови, за да дојде до оваа ситуација?
- Кои чекори можеме да ги преземеме како поединци, во нашите заедници, за да дојде до оваа ситуација?

**Додаток за активноста:**

Кула на моќта

- Број 1: Вие сте најмладата девојка во семејството. Сè уште сте во основно училиште.
- Број 2: Вие сте вториот најмлад член во семејството. Имате 15 години и сè уште сте на училиште. Кога бевте многу млади, вашите наставници препознаа дека сте многу паметни. Една локална калуѓерка нашла начин да ви ја плати школарината за да можете да продолжите со училиштето.
- Број 3: Вие сте мајката.
- Број 4: Вие сте таткото. Имате мала фарма.
- Број 5: Вие сте најстариот син. Го напуштивте училиштето на 10 години и оттогаш му помагате на вашиот татко во работата на нива.
- Број 6: Вие сте најмладиот син во семејството. Сè уште сте во основно училиште.
- Број 7: Вие сте 17-годишна девојка. Го напуштивте училиштето на 10 години. Цел ден ѝ помагате на мајка ви во куќата, а понекогаш и на татко ви на нива.

*ПОГЛАВЈЕ IV*

## *РОДОВО-БАЗИРАНА ДИСКРИМИНАЦИЈА И НАСИЛСТВО И РАЗЛИЧНИ ВИДОВИ НА РОДОВО-БАЗИРАНО НАСИЛСТВО*

Родово-базираната дискриминација се однесува на нефер или нееднаков третман на луѓето врз основа на нивниот род. Тоа се случува кога луѓето се третираат поинаку или се соочуваат со неповолности поради општествените очекувања, стереотипи или норми поврзани со тоа да се биде машко или женско. Оваа форма на дискриминација ги засега луѓето од сите родови, но често е поприсутна кај жените и оние кои не се усогласени со традиционалните родови улоги.

Родово-базираната дискриминација е кршење на човековите права и често ги одржува и зајакнува пошироките општествени нееднаквости. Напорите за решавање и елиминирање на родово-базираната дискриминација вклучуваат промовирање на свеста, оспорување на стереотипите, залагање за правна заштита и поттикнување на поинклузивно и правично општество.

Целите на активностите во ова поглавје се:

- Да се разгледаат ефектите од предрасудите и дискриминацијата поврзани со родот врз поединците и групите и потенцијалните ефекти од спротивставувањето на овие појави.
- Да се препознае родово-базираното насилство и разичните облици на родово-базирано насилство.
- Да се истражат различните улоги што луѓето можат да ги преземат во спротивставувањето на дискриминацијата и насилството поврзани со родот.
- Да се одредат и вежбаат можни стратегии за активно спротивставување на родово-базираната дискриминација и родово-базираното насилство.

### ***ПОДИГНУВАЊЕ НА СВЕСТА ЗА РОДОВО-БАЗИРАНОТО НАСИЛСТВО ОКОЛУ МЕНЕ***

**Краток преглед:**

Воведување на клучните зборови: насилство, родово-базирано насилство, преку вежбата барометар.

**Цел:**

- Зголемување на свеста и чувствителноста на учесниците за родово-базираното насилство во нивните средини.

**Време:** 45 минути

**Материјали**: Не се потребни посебни материјали.

**Подготовка:** Не е потребна претходна подготовка.

**Инструкции:**

Учесниците треба да се позиционираат на барометарот од 0, 25, 50, 75, 100% во зависност од тоа како се чувствуваат за овие изјави:

- Имам предрасуди.
- Предрасудите водат до дискриминација.
- Дискриминаицјата води до насилство.
- Колку насилство има во заедницата каде што живеам?
- Дали знам што е родово-базирано насилство?
- Сум бил ли сведок на родово-базирано насилство?
- Дали би презеле акција да спречите родово-базирано насилство?
- Дали би пријавиле родово-базирано насилство?
- Дали мислите дека вашиот град/општина се безбедни?

**Клучни точки за завршна дискусија:**

- Како се чувствувате после вежбата?
- Што ви се чинеше тешко, а што лесно?
- Што ви беше ново?
- Дали можеме да најдеме поврзаност на елементите на оваа вежба со нашето секојдневие? И кои се тие?

**ХАРМОНИЗИРАЊЕ НА ЈАЗИКОТ ЗА РОДОВИТЕ ПРАШАЊА**

**Краток преглед**

Во оваа активност, учесниците во групи работат на поврзување на поимите поврзани со родот со нивните дефиниции, дискутирајќи за нивниот избор и споделувајќи примери, поттикнувајќи разбирање и дијалог за теми како што се стереотипи, предрасуди, дискриминација, родови улоги и различни форми на родово-базирано насилство.

**Цел**:

- Да се поттикнат учесниците да имаат интегриран и синхронизиран поглед на значењето на поимите поврзани со родови прашања во рамките на обуката.

**Време**: 45 – 60 минути

**Материјали**: Комплет картички: еден комплет со „зборови за род", еден со дефиниции за зборовите (повеќе комплети во зависност од бројот на групи во коишто учесниците ќе бидат поделени, на пр. по еден комплет картички по група, притоа внимавајќи да има парови од дефиниции и зборови ако не е потребен целосен комплет)

**Подготовка:** Подгответе ги комплетите од картички предвреме.

**Инструкции:**

- Објаснете им ја основата на учесниците. Целта на активноста е да се добие општо разбирање за различните поими кои се поврзани со родот и родовата еднаквост. Не мора да значи дека тоа се единствените „точни" или „добри" дефиниции, но тие ќе бидат дефинициите со кои ќе работиме.

- Поделете ги учесниците во групи од 5. Поделете по еден комплет на картички со дефиниции на секоја група и побарајте да се обидат да ја поврзат секоја од картичките со поими со една од картичките со дефиниции. Имаат најмногу 15 минути за задачата.

- Откако ќе заврши процесот, замолете ги групите да прошетаат тивко низ просторијата, споредувајќи ги нивните парови од картички со паровите на другите групи.

- Побарајте од групите да се вратат на нивните дефиниции и дискутирајте дали сакаат да направат некакви промени во паровите зборови – дефиниции, врз основа на она што го забележале со другите. Потоа побарајте од учесниците да разговараат во групите за поимите, да наведат некои примери или случаи. Дајте им 20-30 минути за ова.

- Прегрупирајте ги сите учесници и започнете со читање на секој од зборовите и нивната соодветна дефиниција, барајќи учесниците да споделат по еден пример за секој од нив. Потоа прашајте го остатокот од групата дали се согласуваат со примерот или дали има нешто што би сакале да додадат.

**Клучни точки за завршна дискусија**

- Што научивте во текот на оваа активност? Дали од порано ви беа познати сите зборови и дефиниции? Ве изненади ли нешто?

- Како ви се чинеше наоѓањето на примери за секоја дефиниција?

- Дали се согласувате со сите дефиниции? А со примерите што беа споделени? Некој коментар во врска со нив?

**Додаток за активноста:**

**Листа на зборови и дефиниции**

1.<u>Стереотип</u> (идеја) - поедноставена генерализација за цела група на луѓе без да се земат во предвид индивидуалните разлики. На пр. „Сите муслиманки носат шамии“.

2. <u>Предрасуда</u> (чувство) - е негативен или непријателски став кон едно лице или група формиран без точно или доволно знаење и заснован на негативни генерализации. На пр. „Тој е од Балканот, па не можам да му верувам“.

3. <u>Дискриминација</u> (дејство) - неправеден однос спрема едно лице или членови на група кој произлегува од негативните генерализации што се претпоставуваат за таа група или од негативните ставови кон таа група.

4. <u>Пол</u> – биолошки и физиолошки разлики меѓу мажите и жените.

5. <u>Родови улоги</u> - дефиниција за жените и мажите конструирана од општеството. Не се однесува на биолошките карактеристики на жените и мажите, туку е утврдена од концепцијата на задачите, функциите и улогите што им се припишуваат на жените и мажите во општеството, како и во јавниот и приватниот живот.

6. <u>Родово изразување</u> - се однесува на карактеристиките и однесувањата на една особа, како што се изгледот, облекувањето, манирите, начините на говорење и социјалните интеракции кои се сметаат како машки или женски.

7. <u>Родова нееднаквност</u>: кога мажите и жените се третираат различно така што една група има повеќе придобивки. Генерално, родовата нееднаквост ги фаворизира мажите/момчињата и им дава поголема моќ. Често им дава подобар третман на мажите/момчињата. Пример за тоа како изгледа родовата нееднаквост во општеството и заедницата е кога мажите/момчињата имаат пристап до подобри приходи и подобри услови од жените, а жените се држат настрана (не одат на училиште или не учествуваат во општеството), се сметаат за инфериорни, а не за добри, паметени, способни итн.

<u>8. Родово-базирано насилство</u> - е секој чин што резултира или најверојатно ќе резултира со физичка, сексуална или психолошка повреда или страдање врз некого (маж/момче или жена/девојка) врз основа на очекувањата и стереотипите за родовата улога.

9. <u>Физичко насилство</u>

- Удирање
- Удирање со шлаканици

- Тепање со стап
- Удирање со тупаници
- Тресење
- Давење
- Болни положби на телото
- Забрана за користење на тоалет
- Експлоатирачка работа
- Казнување со работа

10. Психичко насилство

- Вербално вознемирување
- Вербална злоупотреба
- Малтретирање, задевање
- Навредлив јазик
- Емоционално манипулирање и искористување
- Етикетирање на луѓето врз основа на тоа дали се мажи/момчиња или жени/девојки

11. Сексуално насилство:

• Силување
• Секој несакан чин, гест, јазик, однесување од сексуална природа
• Пипкање, допирање, итн.
• Насочување на сексуално експлицитен јазик кон дете
• Непристојно и несакано допирање и покажување
• Покажување на порнографски материјал на деца
• Барање сексуални гестови како за возврат за нешто
• Сексуално експлицитен јазик, вклучувајќи забелешки или понуди кои сугерираат на секс

12. Економско насилство

Секое дело или однесување кое предизвикува економска штета на некое лице поради неговиот/нејзиниот род. Економското насилство може да биде во форма на, на пример, имотна штета, ограничување на пристапот до финансиски ресурси, образование или пазарот на труд, или непридржување кон економските одговорности, како што е алиментацијата.

**РАЗБИРАЊЕ НА РАЗЛИЧНИТЕ ВИДОВИ НА РОДОВО-БАЗИРАНО НАСИЛСТВО**

**Краток преглед:**

Во оваа акстивност, учесниците имаат за цел да го разберат родово-базираното насилство и да ги препознаат неговите различни видови.

**Цели:**

- Да се разбере значењето на родово-базираното насилство и да се препознаат различните видови родово-базирано насилство.
- Да се испитаат можните ефекти и последици од родово-базираното насилство.

**Време:** 70 минути

**Материјали:** Флипчарт, маркери и копии од прашањата за работа во групи.

**Подготовка:** Испечатете ги прашањата за работа во групи (видете го додатокот за активноста)

**Инструкции:**

- Поделете ги учесниците во пет групи и на секоја група дајте ѝ по еден поим. Поимите се: родово-базирано насилство; економско родово-базирано насилство; мажите како жртви на родово-базирано насилство; присилни бракови; сексуално вознемирување и злоупотреба на работното место (за мажи и жени).
- Имаат 20 минути за работа во групи и треба да разговараат за нивното мислење за тоа како овој поим е разбран и претставен од различни луѓе, вклучувајќи ги и нив.
- По работата во групи, сите учесници треба да се вратат во просторијата за презентирање на наодите од групната работа пред останатите и за завршна дискусија. Секоја група ќе има по 5 минути за презентирање. По секое презентирање, прашајте ги учесниците од другите групи дали имаат коментари, прашања или сакаат да додадат нешто.

**Клучни точки за завршна дискусија**

- Како се чувствувавте во оваа активност? Како ви се чинеше дискусијата во мали групи? Имаше ли разлики во мислењата или недоразбирања?
- Кои форми на насилство се јавуваат почесто?
- Дали мислите дека овие облици на родово-базирано насилство треба повеќе да се истакнуваат во медиумите?
- Зошто се случува родово-базираното насилство?
- Како концептите поврзани со родот и начинот на кој тие се користат придонесуваат за родово-базирано насилство? Како можеме да го избегнеме ова?
- Дали има простор за луѓето во вашата заедница да разговараат за прашања поврзани со родот и родово-базираното насилство?
- Како би можеле младите да се вклучат повеќе?

**Додаток за активноста:**

Можни прашања за работа во групи

- Како го разбирате (поимот)?
- Како генерално го разбираат младите во вашата околина?
- Како генерално го разбира обичниот народ?
- Какви последици може да има овој вид родово-базирано насилство?
- Со оглед на информациите што сте ги собрале досега, дали можете да препознаете таков облик на насилство доколку се случи во вашата околина?

**СЛИКОВЕН ТЕАТАР**

**Краток преглед:**

Активноста сликовен театар има за цел да го подобри разбирањето на учесниците за улогата на поединецот во борбата против родово-базираното насилство со тоа што ќе креираат две слики кои илустрираат примери на физичко, психичко и економско родово-базирано насилство, проследено со завршна дискусија која ги истражува чувствата, предизвиците и согледаните трансформации кон поголема родова еднаквост кои ги има на сликите.

**Цел:**

- Да се зајакнат капацитетите на учесниците за препознавање на важноста и улогата на секој поединец во општеството во борбата против родово-базираното насилство.

**Време:** 120 минути

**Материјали:** Копија од сценаријата за сликовен театар (видете го додатокот за активноста).

**Подготовка:** Испечатете ги сценаријата за сликовниот театар.

**Инструкции:**

- Поделете ги учесниците во три групи од по пет или шест учесници. Дајте им петнаесет минути да направат две слики, користејќи ја техниката сликовен театар. Сценаријата за сликовниот театар се дадени во додатокот за оваа активност.
- Повикајте ја првата група да ги прикаже своите слики. Не заборавајте да водите динамична дискусија користејќи ги различните типови на отворени прашања што сте ги практикувале во вашата обука.

- Водете ја дискусијата така што таа сè повеќе се фокусира на некоја трансформација која сте ја забележале помеѓу првата и втората слика што резултирала со поголема родова еднаквост.

**Клучни точки за завршна дискусија**

- Како се чувствувавте за време на вежбата?
- Кој дел од вежбата ви беше најтежок?
- Што можеме да заклучиме од оваа активност?

**Додаток за активноста:**

Сценарија за креирање на сликите

- Првата слика треба да претставува пример за физичко родово-базирано насилство каде што има жртва, сторител и набљудувачи. На следната слика треба да се прикаже истата сцена каде набљудувачите преземаат акција за да го спречат насилството.
- Првата слика треба да претставува пример за психичко родово-базирано насилство каде што има жртва, сторител и набљудувачи. На следната слика треба да се прикаже истата сцена каде набљудувачите преземаат акција за да го спречат насилството.
- Првата слика треба да претставува пример за економско родово-базирано насилство каде што има жртва, сторител и набљудувачи. На следната слика треба да се прикаже истата сцена каде набљудувачите преземаат акција за да го спречат насилството.

**Забелешки за фасилитаторот**:

Техниката на сликовен театар се фокусира на користење на телото и движењата за креирање „живи слики“ кои прикажуваат мисли, чувства и општествени прашања. Учесниците ги користат своите тела за да формираат статични слики или динамични сцени, изразувајќи идеи или емоции без потреба од дијалог.

Во сликовниот театар, поединци или групи креираат физички претстави на апстрактни концепти, искуства или општествена динамика. Оваа техника честопати се користи за истражување и решавање на социјални прашања, промовирање на свест и поттикнување на дијалог. Може да

биде моќна алатка за подигнување на свеста, поттикнување емпатија и изнаоѓање креативни решенија за проблемите.

Фасилитаторот може да ги насочува учесниците низ серија вежби, поттикнувајќи ги да ги постават нивните тела во форми или сцени кои рефлектираат различни аспекти на дадена тема. Набљудувачите потоа можат да ги анализираат и дискутираат креираните слики, овозможувајќи подлабоко истражување и разбирање на прашањата кои се разгледуваат. Сликовниот театар е особено корисен во промовирањето на невербална комуникација, рушењето на бариери и поттикнувањето активно учество во напорите за општествени промени.

**ТИВКА ДЕБАТА**

**Краток преглед:**

Во оваа интерактивна вежба, учесниците работат во групи за да го истражат концептот на родова дискриминација преку споделување на идеи, зборови и емоции поврзани со поимот преку дебата без зборување додека се надоврзуваат на мислите едни со други.

**Цел:**

- Целта на оваа интерактивна вежба е да го продлабочи разбирањето на учесниците за родово-базираната дискриминација преку поттикнување заедничко истражување на идеи, зборови и емоции кои се однесуваат на темата.

**Време:** 45 - 60 минути

**Материјали:** Флипчарти и маркери во различни бои.

**Подготовка:** Не е потребна претходна подготовка.

**Инструкции:**

- Формирајте групи од пет учесници и на секоја група поделете ѝ флипчарт со зборот „родова дискриминација“ напишан во средината.
- Кажете им на групите да ги запишат сите идеи, зборови, емоции, значења што ги поврзуваат со зборот на флипчартот. Потсетете ги дека нема точни или погрешни одговори, туку дека оваа вежба е начин да им се овозможи на сите да запишат што ги асоцира на родово-базирана дискриминација.
- Дајте ѝ на секоја група неколку минути за тоа, а потоа кружете ги флипчартите низ работната соба, така што секоја група ќе добие нов флипчарт на кој има идеи претходно напишани од друга група.
- Побарајте од учесниците прво да прочитаат што напишала другата група, а потоа да

додадат други мисли, идеи, коментари. Правилото е дека не можат да пречкртаат ништо што е веќе напишано на флипчартот; наместо тоа, кога не се согласуваат или сакаат да додадат нечија идеја, треба едноставно да напишат до неа и со линија или стрелка да ги поврзат двете мисли. На овој начин имавте тивка дебата.

- Во зависност од тоа колку време имате, можете да ги ротирате флипчартите уште еднаш, така што секоја група би добила нов збир од коментари на кои може да додаде нешто и да учи од нив.
- По 10 минути, земети ги флипчартите напред и залепете ги на ѕидот или замолете по еден учесник од секоја група да ги држи нивните флипчарти.
- Еден учесник на глас нека ги прочита зборовите и коментарите на флипчартите. Или можете вие да ги прочитате.
- Погрижете се да имате доволно простор (табла или флипчарти) за групирање на идеите на учесниците.
- Започнете со пишување на името на избраната тема во круг на средината на таблата, како на флипчартите, т.е. родово-базирана дискриминација.
- Обидете се да ги групирате идеите заедно. На пример, сите одговори кои се однесуваат на значењето на дискриминацијата, причините зошто луѓето дискриминираат или последиците/емоциите што ги чувствува некој што е дискриминиран. Идеите кои се поврзани може да се спојат со линии. Можете да ги нацртате или да ги пишувате одговорите.

**Клучни точки за завршна дискусија**

- Што значи да се биде дискриминиран врз основа на родот?
- Зошто луѓето дискриминираат?
- Што можеме да направиме за да се спротивставиме на родово-базираната дискриминација?

**ПРИКАЗНИ ЗА ПОЈАВАТА И СПРЕЧУВАЊЕТО НА РОДОВО-БАЗИРАНО НАСИЛСТВО**

**Краток преглед:**

Оваа активност им овозможува на учесниците да размислуваат за ситуации во кои некои лица биле дискриминирани, или дури и нападнати поради нивниот род.

**Цели:**

- Да се подигне свеста за различните форми на дискриминација и исклученост во општеството;
- Да се почне да се утврдува што секој учесник може да направи за да спречи тие да се појават или да продолжат да траат.

**Време:** 70 минути

**Подготовка:** Не е потребна претходна подготовка.

**Инструкции:**

- Поделете ги учесниците во 5 групи и дајте им ги следниве задачи: Треба да дефинираат што значи родово-базирано насилство? Какви форми на родово-базирано насилство постојат? Кој може да биде жртва на родово-базирано насилство? Како се однесува жртвата која трпи насилство? Како се однесува насилникот кој врши дискриминација или насилство? Како се однесуваат другите луѓе во околината (случајните минувачи)? Дајте им 20 минути за ова.
- По 20 минути работа во групи, учесниците ќе продолжат да работат во истите групи. Ќе имаат задача да подготват приказна каде што треба да претстават една форма на родово-базирано насилство. Во приказната треба да се наведат причините за насилството и последиците од него. Треба да најдат и можно решение за спречување на таквите форми на родово-базирано насилство. Ќе имаат 30 минути за оваа задача.
- По работата во групите следува 10-минутна презентација на приказната од секоја група.

**Клучни точки за завршна дискусија**

- Дали беше лесно да се одговори на дадените задачи? На која беше најтешко да се одговори и зошто?
- Што може да се стори за да се поддржи жртвата?
- Како може „случаен минувач“ да се претвори во вршител на позитивни промени?
- Што можеме да научиме од оваа активност?

**ПОГЛАВЈЕ V**

**АКЦИЈА ОД ОПШТЕСТВОТО И ПОДДРШКА ОД ЗАЕДНИЦАТА**

Акцијата од општеството и поддршката од заедницата се клучни за родовата еднаквост бидејќи придонесуваат за создавање средина каде што поединците, без разлика на нивниот род, имаат еднакви можности, права и застапеност.

Постојат различни причини зошто акцијата од општеството и поддршката од заедницата се од суштинско значење за родовата еднаквост. Овие иницијативи опфаќаат соочување со и рушење на традиционалните родови стереотипи, залагање за еднакви права, зајакнување на поединците да учествуваат во процесите на одлучување, подигање на свеста за родовите прашања, спречување на родово-засновано насилство, влијание врз промените на политиките и промовирање на економско зајакнување. Колективно, овие напори имаат за цел да создадат поинклузивно, правично и информирано општество преку засилување на гласот на маргинализираните, отстранување на нерамнотежата на моќ, и стимулирање разбирање и поддршка.

Накратко, акцијата од општеството и поддршката од заедницата се инструменти за создавање општествена рамка која ја препознава и промовира родовата еднаквост, поттикнувајќи позитивни промени на различни нивоа – од индивидуални ставови до пошироки системски промени.

Вежбите презентирани подолу се корисни за размислување за тоа што можеме да направиме за да ја поттикнеме заедницата и околината (родителите, наставниците, локалните власти, медиумите и сите други засегнати страни) да работат заедно кон намалување на родовата дискриминација и насилство, со што ќе помогнеме да се промовира родовата еднаквост.

***<u>ИДЕАЛНА ИДНА СРЕДИНА</u>***

**Краток преглед:**

Во оваа активност, учесниците замислуваат идеална средина во која нема насилство, нема дискриминација и има целосна родова еднаквост.

**Цел:**

- Подигнување на свеста на поединците и сите засегнати страни за важноста на родовата еднаквост и за тоа како таа влијае врз создавањето на идеална општествена средина во која сите идни генерации ќе можат да уживаат во правда без разлика на нивниот род.

**Време:** 60 - 70 минути

**Материјали:** Флипчарти и маркери во боја.

**Подготовка:** Не е потребна претходна подготовка.

**Инструкции:**

- Поделете ги учесниците во 3 групи, така што во секоја група има претставници од двата пола. Прочитајте го следново сценарио: „Замислете дека можете да создадете идеална средина каде што нема насилство, нема дискриминација и има целосна родова еднаквост. Опкружување каде што имате слобода да бидете свои и можност да се развивате според вашите потреби и потенцијал.“ Секоја група ќе има 20 минути да разговара и да состави заедничка листа од трите најважни работи што треба да се почитуваат во таа идеална средина.
- Потоа ќе има презентација на листите на секоја група. Ќе имаат по 5 минути за презентација, а потоа другите групи можат да поставаат 2-3 прашања до презентерите. Фасилитаторот ќе ги запише сите точки споменати од групите за време на презентацијата. Кога ќе завршат сите презентации, фасилитаторот, заедно со учесниците, ќе утврди дали на списокот има контрадикторни точки и дали тие можат да се надминат.
- На крајот, учесниците треба да ги извлечат трите најважни работи што треба да ги има во оваа идеална средина.

**Клучн точки за завршна дискусија**

- Што мислите за оваа активност?
- Како се чувствувавте за време на активноста?
- Што ви беше тешко, а што лесно, и зошто?
- Колку сте задоволни и од процесот и од исходот?
- Што може да се направи сега за да се постигнат замислените идеални средини?

**ПРОМЕНА НА НАШЕТО ОДНЕСУВАЊЕ**

**Краток преглед:**

Активноста „Промена на нашето однесување“ има за цел да ги истражи перцепциите на учесниците за родовите улоги со тоа што ќе ги поттикне да направат разлика помеѓу традиционалните и променетите однесувања, стимулирајќи дискусии за општествените влијанија и предностите на ослободувањето од традиционалните родови улоги.

**Цел:**

- Учесниците да размислуваат за промена на однесувањата поврзани со родот и

разбирањето на општествените влијанија во обликувањето на перцепциите за традиционалните улоги.

**Време:** 40 минути

**Материјали:** Не се потребни посебни материјали.

**Подготовка:** Не е потребна претходна подготовка.

**Инструкции:**

- Прашајте ги учесниците дали мислат дека мажите и жените се способни да се променат: да го сменат начинот на кој се однесуваат за да се ослободат од сите ограничувања што родовите улоги ги наметнуваат на нивното однесување.
- Објаснете дека ќе прочитате листа од различни начини на однесување. Ако учесниците мислат дека опишаното однесување е типично за традиционалните родови улоги, треба да ги кренат рацете. Ако мислат дека однесувањето е типично за некој кој се променил или се ослободил од традиционалните родови улоги, треба да ги стават рацете на главата.
- По читањето на секој од начините на однесување од листата, дајте им на учесниците неколку секунди да одговорат со рацете. Потоа побарајте неколку доброволци да објаснат зошто го избрале тој одговор. Листата е приложена како додаток за оваа активност.
- Откако ќе ја завршите листата, вратете се назад и прочитајте ги примерите на променето однесување. Прашајте ги учесниците дали таквото променето однесување би се однесувало на мажите, жените или и на едните и на другите подеднакво. Помогнете им да увидат дека, во секој случај, променетото однесување би било соодветно и за двата пола.
- Прашајте ги учесниците дали можат да споделат други примери на променето однесување.
- Прашајте ги учесниците што мислат, кои се предностите или придобивките од ослободувањето од традиционалните родови улоги. Видете дали можете да извлечете примери кои се однесуваат и на менталното и на физичкото здравје.

**Клучни точки за завршна дискусија**

- Како нашите ставови за улогите на жените/девојките и мажите/момчињата се под влијание од она што го мислат нашите семејства и пријатели?
- Како медиумите влијаат на очекувањата за начинот на кој жените/девојките и мажите/момчињата треба да делуваат, да се чувствуваат и да се однесуваат? Како медиумите ги прикажуваат мажите/момчињата? Како медиумите ги прикажуваат жените/девојките?

- Како можете вие, во вашиот живот, да се спротивставите на некои од негативните очекувања што општеството ги има за тоа како мажите/момчињата треба да се однесуваат? Како можете да се спротивставите на некои од негативните очекувања што општеството ги има за тоа како жените/девојките треба да се однесуваат?

**Додаток за активноста:**

**Листа на однесувања**

| | |
|---|---|
| Пасивен и тивок | Традиционално за жените |
| Делува цврсто, силен е | Традиционално за мажите |
| Наметлив комуникатор | Променето |
| Користи насилство за решавање на конфликти | Традиционално за мажите |
| Покажува емоции на конструктивен начин и кога тоа е соодветно | Променето |
| Останува верен на еден партнер | Променето |
| Не зборува за проблемите | Традиционално за мажите |
| Редовно користи кондоми | Променето |
| Редовно се тестира за ХИВ | Променето |
| Не плаче | Традиционално за мажите |
| Останува верен на еден партнер | Променето |
| Одложува сексуални активности додека и двата партнери не се спремни за тоа | Променето |
| Зборува во прилог на еднаквоста помеѓу жените и мажите | Променето |
| Ги предизвикува другите да ги согледаат нивните негативни родови очекувања и да се променат себеси | Променето |

**„ФОРУМ“ ТЕАТАР**

**Краток преглед:**

Учесниците ќе работат во групи, со задача да подготват и изведуваат кратки сцени преку прикажување замислени случаи на родово-базирано насилство. Потоа, набљудувачите предлагаат алтернативни улоги за промена на конкретната улога, што доведува до прикажување на различна ситуација која спречува родово-базирано насилство.

**Цели:**

- Да се поттикнат учесниците да ја согледаат силата што ја поседува секој поединец и да ја искористат за правење позитивни промени во заедницата.

**Време:** 120 минути

**Материјали:** Какви материјали се потребни ќе зависи од сцената која ќе ја изведат учесниците.

**Подготовка:** Не е потребна претходна подготовка.

**Инструкции:**

- Учесниците се поделени во четири групи (по четири или пет учесници). Имаат 20 минути да подготват кратка сцена во којашто е прикажан замислен случај на родово-базирано насилство, а потоа имаат 3 минути да ја изведат сцената пред другите учесници. Потоа се води кратка пленарна дискусија за тоа што учесниците виделе и како го доживеале. Фасилитаторот треба да ги мотивира учесниците да презентираат различни форми на родово-базирано насилство и случаи на комбинирани форми на родово-базирано насилство.
- Промена на сцената – потоа, лицата кои ја набљудувале изведбата на сцената се поканети да размислат во каква улога би можеле да влезат во сцената и со каков нов начин на комуникација и перцепција кои го менуваат однесувањето на конкретната улога во сцената, т.е. како да се постапува и избегне/спречи случај на родово-базирано насилство.
- Евалуација на промената на сцената: „Што се промени во однесувањето на инволвираните лица? Што видоа набљудувачите? Како промената на однесувањето влијаеше на спречувањето на можен случај на родово-базирано насилство? Како се чувствуваа другите учесници во сцената?"
- Потоа се изведува сцената од следната група и чекорите од првата сцената на првата се повторуваат додека не се обработат сите сцени.

**Клучни точки за завршна дискусија**

- Како да реагираме кога сме сведоци на родово-базирано насилство?

- Како реагираат другите од околината кога има родово-базирано насилство?

- Како реагираат надлежните институции кога има случај на родово-базирано насилство?

- Мислам дека луѓето кои се вршат насилство се однесуваат така бидејќи ...

- Мислам дека луѓето кои се жртви на насилство се однесуваат така бидејќи ...

- Мислам дека луѓето кои се сведоци на насилство така постапуваат затоа што ...

***<u>КАКО ДА СЕ ПОДИГНЕ СВЕСТА ЗА РОДОВО-БАЗИРАНОТО НАСИЛСТВО?</u>***

**Краток преглед:**

Оваа активност ги зајакнува учесниците да подготват и презентираат јавна кампања за подигнување на свеста против родово-базираното насилство, со цел да се подобрат нивните вештини за решавање проблеми.

**Цели:**

- Да се поттикнат учесниците да подготват и презентираат јавна кампања за подигнување на свеста против родово-базираното насилство;
- Да се подобрат нивните вештини за решавање на проблеми и јавно говорење.

**Време:** 90 минути

**Материјали:** Флипчарт и маркери.

**Подготовка:** Не е потребна претходна подготовка.

**Инструкции:**

- Објаснете им на учесниците дека ќе подготвуваат јавна кампања за подигнување на свеста против родово-базираното насилство во нивната заедница. Главните точки што треба да ги опфатат се:
    - Која е клучната порака што ќе ја испратат?
    - Која ќе биде целната група?
    - Кои друштвени медиуми ќе ги користите во кампањата?
- Поделете ги учесниците во групи од четворица-петмина. Ќе имаат 40 минути за работа во групи.
- По работата во групи, секоја група ќе има по 5 минути за презентација. По секоја презентација, другите учесници ќе имаат време да поставуваат прашања, да дадат повратни информации и да бараат дополнителни појаснувања.

**Клучни точки за завршна дискусија**

- Беше ли голем предизвик да се подготви една јавна кампања за подигнување на свеста?

- Кои ќе бидат можните ризици со кои можеме да се соочиме при подготвувањето на јавната кампања за подигнување на свеста? И како можеме да ги надминеме?
- Кои се клучните точки од кои зависи успехот на една кампања?

***<u>ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ ВО МЕДИУМИТЕ</u>***

**Краток преглед:**

Активноста има за цел да ги подобри аналитичките вештини и критичкото размислување на учесниците во однос на родовите улоги преку истражување и дискусија за претставувањето на мажите и жените во медиумите (јавни дебати, реклами и забавни емисии) преку препознавање на можни стереотипи и поттикнување дискусии за потребата од промени и еднаков третман.

**Цели:**

- Размислување и анализирање за тоа како жените и мажите се претставени во медиумите.
- Развивање на аналитички вештини и способности за критичко размислување за родовите улоги

**Време:** 90 минути

**Материјали:** Паметни телефони со пристап до интернет (по еден во секоја група), флипчарти и маркери.

**Подготовка:** Не е потребна претходна подготовка.

**Инструкции:**

- Воведен дел: Учесниците треба да ги анализираат медиумите од родов аспект/гледајќи низ призмата на родот треба да ги препознаат начините на кои мажите и жените се претставени во медиумите. Едната група ќе работи на јавни дебати, втората ќе работи на реклами, а третата на забавни емисии и треба да поврзат со тоа како се гледа на мажите и жените во нивните култури и средини. И треба да размислат за последиците од ваквото претставување на мажите и жените.

- Воведете ја темата преку следниве прашања за дискусија:
    - Дали мислите дека мажите и жените се различно претставени во медиумите?
    - Доколку ги има, кои се разликите во претставувањето на мажите и жените во медиумите?
    - Дали има разлика во различните медиуми (печатени, телевизија, друштвени медиуми, итн.)?

- Поделете ги учесниците во три помали групи и кажете им дека секоја група ќе добие различен медиум, и задачата е да извлечат наслови, текстови, фотографии, коментари кои на било кој начин се занимаваат со претставување на жените и мажите во медиумите. Првата група ќе се фокусира на јавни дебати, втората на реклами и третата на забавни емисии. Треба да одговорат и на следните прашања: Дали мислат дека жените се ставени во полоша положба од мажите?; Дали мислат дека жените се во подобра позиција?; Дали жените подлежат на следење на одреден модел на идеална жена во медиумите? Каков е тој идеален модел (паметна, убава, згодна, домаќинка...)?; Дали мажите подлежат на следење на одреден модел на идеален маж во медиумите? Каков е тој идеален модел (паметен, богат, доминантен...)? Каква слика се создава во медиумите за мажите и жените? Дајте им 30 минути за дискусија во мала група и запишување белешки.
- Потоа, побарајте од групите да ги презентираат нивните заклучоци пред сите учесници и да ги споредат. Секоја група има по 5 минути за презентирање.
- По презентациите, преминете на завршна дискусија и евалуација.

**Клучни точки за завршна дискусија**

- Дали мислите дека се наметнува одреден стереотип во однос на прикажувањето на мажите и жените во медиумите?

- Што мислите дека придонесува за тоа?

- Што мислите дека треба да се смени?

- Каква е промената во стереотипното прикажување на мажите и жените во медиумите?

- Нека го погледнат примерот повторно и нека размислат што треба да променат во него за еднаков третман на мажите и жените и исчезнување на стереотипите.

- На крајот, размислувајќи критички и аналитички, дискутирајте како треба да се гледа на медиумите.

**ЈАВНА ДЕБАТА – ДА ЗБОРУВАМЕ ЗА РОДОВО-БАЗИРАНОТО НАСИЛСТВО**

**Краток преглед:**

Јавната дебата насловена „Да зборуваме за РБН" има за цел да ја поттикне комуникацијата и јавната свест за различните форми на родово-базирано насилство, користејќи симулација со играње на замислени улоги со учесниците.

**Цел:**

- Да се поттикне свеста и дискутирањето за родово-базираното насилство.

**Материјали:** Листови со улогите (видете го додатокот за активноста); столчиња наредени во круг, свртени кон центарот.

**Време:** 70-80 минути

**Подготовка:** Подгответе ги улогите за дебатата (видете го додатокот за активноста).

**Инструкции:**

- На почетокот, фасилитаторот ги информира учесниците дека ќе бидат вклучени во вежба во која некои од нив ќе играат улоги, а колективно ќе симулираат јавна дебата.
- На учесниците им се доделуваат улоги (новинар/модератор на дебатата, градоначалник/претставник на локалната самоуправа, претставник од полиција одговорен за РБН, претставник на невладина организација која работи на спречување на РБН, претставник од Министерството за образование, претставник од Центарот за социјална работа, претставник од Советот на родители, претставник од општинскиот Младински совет). Се бараат доброволци за секоја објавена улога. На учесниците кои добиваат улоги им се даваат листови што содржат детален опис на нивната улога и им се даваат неколку минути да се подготват и да „навлезат“ во улогата. Учесниците се охрабруваат своите улоги да ги симулираат без претерано размислување и да делуваат врз основа на нивните првични мисли.
- Во предниот дел се редат осум столчиња за да се формира сцената за дебатата. Останатите столчиња се поставени во 2-3 реда како публика. Додека учесниците се подготвуваат за своите улоги, фасилитаторот им доделува дополнителни улоги на останатите учесници во публиката кои ќе делуваат како новинари, родители и граѓани кои се заинтересирани за темата. Публиката се охрабрува да поставува прашања до гостите на форумот по нивните излагања.
- Учесниците ги заземаат своите позиции, а модераторот го отвора форумот, претставувајќи ги гостите. Секој учесник на форумот има 1 до 2 минути да го претстави своето гледиште според упатствата што ги добил. Модераторот ја води дискусијата, а откако сите учесници ќе ги завршат своите излагања, следува кратка дискусија со прашања од публиката.
- Времето предвидено за оваа активност е распределено на следниов начин: 5 минути за инструкции и распределба на улоги, 5 минути за подготовка на улогите и уредување на просторијата, и 45 минути за симулација. На крајот од активноста, од учесниците се бара да излезат од своите улоги и да формираат круг за дискусија за активноста.

**Клучни точки за дискусија**

- (За учесниците во симулацијата)
  - Како се чувствувате во улогата која ја игравте?

- Лесно/тешко ли ви беше?

- (За учесниците во публиката)
  - Како беше за вас, како публика?
  - Дали сметате дека е важно јавно да се разговара за овие прашања? Зошто?
  - Што мислите, колку е важна поддршката од пошироката заедница за зголемување на свеста за РБН и надминување на табуто да се зборува за тоа?
  - Дали мислите дека има друг чинител кој е важен во процесот на спречување на РБН, кој не беше вклучен во дебатата?
  - Дали мислите дека сите засегнати страни вклучени во дебатата се подеднакво важни во спречувањето на РБН? Дали некој од нив има супериорна и поважна улога?

**Додаток за активноста:**

Играње замислени улоги

Градоначалник/претставник на локалната самоуправа – Вие ја претставувате локалната самоуправа. Тука сте да презентирате аргументи, програми за тоа како промовирате еднаквост и како обезбедувате заштита од родово-базирано насилство меѓу локалната младина (од 18-29 години). Треба да ја претставите локалната стратегија за социјална заштита и заштита од родово-базирано насилство во вашата општина.

Претставник од Министерството за внатрешни работи одговорен за родово-базирано насилство – Вие сте тука да зборувате за состојбата со РБН во заедницата, какви облици на РБН се пријавени најмногу, вашата статистика поврзана со различни фактори кои влијаат на неговото (не)пријавување. Треба да ги презентирате предизвиците со кои се соочувате во работата и како соработувате со другите институции. Објаснете ја постапката за пријавување на РБН и мерките и активностите што ги преземате за разрешување на еден пријавен случај.

Претставник од невладиниот сектор кој работи на спречување на РБН – Вие го претставувате невладиниот сектор, тука сте да презентирате како помагате да се развие свеста за родово-базираното насилство, какви конкретни активности преземате на оваа тема, вклучително и охрабрување на граѓаните да пријават кога ќе се соочат со случај на РБН, наместо да молчат за тоа.

Претставник од Министерството за образование – Тука сте да презентирате што прави вашата институција за спречување на родово-базирано насилство во образовниот систем. Дали имате некои стратегии и акциски планови/програми за спречување на РБН во основните и средните училишта. Каква поддршка може да им пружи Министерството за образование на училиштата за спречување и намалување на родово-базираното насилство врз и меѓу учениците?

Претставник од Центарот за социјална работа – Каква поддршка обезбедувате за жртвите на РБН?

Како ги следите пријавените случаи на РБН? Каква поддршка обезбедувате за децата кои се жртви или сведоци на РБН? Кои се најтешките последици од РБН врз жртвите? Која ќе биде вашата порака за младите?

Родител – Вие сте претставник на Советот на родители и тука сте да објасните, како член на тоа тело, колку е важна улогата на родителите во воспитувањето на децата. Како ги воспитувате децата за постоењето на РБН? Дали ви треба поддршка за тоа? Каква поддршка и од кого?

Млади лица – Вие сте претставници на општинскиот Младински совет и тука сте да зборувате во име на младите за проблемите со кои се соочуваат, проблемите кои се поврзани со предрасудите кои доминираат кај машката и женската младина. Што ќе направите ако сте сведоци на РБН? Дали верувате во поддршката од системот? Што мислите за поддршката од врсниците за спречување на РБН?

Модератор на јавната дебата – Вие ја водите јавната дебата. Треба да се погрижите на сите вклучени во дискусијата да им се дава подеднакво време за разговор, не фаворизирајте никого. Целата дебата треба да трае најмногу 45 мин.

**РАЗРАБОТУВАЊЕ НА ИДЕИ И ПЛАНОВИ ЗА АКЦИЈА**

**Краток преглед:**
Во оваа активност, учесниците во групи разговараат и подготвуваат планови за акција за справување со проблем со родово-засновано насилство во нивната заедница, по што следуваат презентации и сесии за повратни информации, разгледување на поединечни размислувања за предизвиците, дилемите и потенцијалното влијание на нивните активности врз промените во општеството.

**Цели:**

- Учесниците да се вклучат во заедничко развивање на идеи и планови за акција, фокусирајќи се на решавање на конкретен проблем со родово-базирано насилство во нивната заедница.
- Да се поттикнат учесниците да размислуваат стратешки и структурно во однос на преземање активности во заедницата насочени кон спречување на родово-базирано насилство.

**Време:** 80 минути

**Материјали:** Флипчарти, маркери, копии од листот со задачите за планирање акција за секоја група (видете го додатокот за активноста).

**Подготовка:** Не е потребна претходна подготовка.

**Инструкции:**

- Поделете ги учесниците во групи (4-5 учесници во група). Нивната задача ќе биде да разговараат за идеи за активности во заедницата. Треба да изберат конкретен проблем кој се однесува на родово-базирано насилство во нивната заедница и да развијат план за акција за да почнат да размислуваат како да го решат утврдениот проблем. Секоја група добива лист со задачата и низа прашања кои можат да ги постават за да ја олеснат задачата. За ова ќе имаат 40 минути.
- По работата во групи, учесниците се враќаат и секоја група ќе има по 5 минути да ја претстави нивната идеја за активност во заедницата. По секоја презентација, останатите учесници и фасилитаторите ќе имаат 5 минути за дополнителни прашања и предлози за презентираната идеја.

**Клучни точки за завршна дискусија**

- Што ви беше најтешко во оваа вежба?
- Какви дилеми имате?
- Што мислите, како вашите постапки придонесуваат за влијаење врз промените во општеството?
- Прашања кои ви останаа неодговорени.

**Додаток на активноста:**

<u>Лист со задачите за планирање акција</u>

- Како ги избравте проблемите и зошто решивте да работите на тоа?
- Кој влијае на проблемот?
- Кои ви се целите? Што сакате да постигнете?
- Какви активности ќе спроведете? Кој е првиот чекор што треба да го направите? Кои се последните чекори што треба да ги преземете?
- Која ќе биде временската рамка за спроведување на активноста?
- Какви предизвици очекувате? Дали имате план како да ги надминете?
- Кои се вашите силни/слаби страни? Какви ресурси ви недостасуваат?
- Што ви е потребно за да ја реализирате оваа идеја?
- Какви ризици постојат?
- Кои ресурси ги користите за подобро да ја запознаете околината?
- Со кого сметате дека е важно да се воспостави соработка? Како го правите тоа?
- Кои би ви биле сојузници, а кои противници?
- Кои предуслови треба да бидат исполнети?

- Како сакате околината да ве перцепира? (Каква слика сакате другите да имаат за вас?)
- Кои се можните несакани ефекти?
- Три прашања кои ви се важни, а не се на оваа листа.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:**


- „Training Manual for Girls' and Boys' Clubs on School Related Gender-based Violence (SRGBV) Prevention and Response“; United National Girls' Education Initiative;
Достапен на:
https://www.ungei.org/publication/training-manual-girls-and-boys-clubs-srgbv-prevention-and-response

- „Ненасилство! Прирачник за тренинг за градење мир“, Ивана Франовиќ, Ненад Вукосављевиќ; Центар за ненасилна акција, Мировна акција, 2020
Достапен на:
https://nenasilje.org/publikacije/pdf/Handbook/%D0%9D%D0%B5%D0%BD%D0%B0%D1%81%D0%B8%D0%BB%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%BE_%D0%9F%D1%80%D0%B8%D1%80%D0%B0%D1%87%D0%BD%D0%B8%D0%BA%20%D0%B7%D0%B0%20%D1%82%D1%80%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D0%BD%D0%B3%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%B4%D0%B5%D1%9A%D0%B5%20%D0%BC%D0%B8%D1%80.pdf

- „GIRLACT, Peer training curriculum“, developed within the project "Empowering Girls to Be Socially and Financially Strong Actors – GIRLACT"
Достапен на:
https://www.girlact.eu/images/documents/GIRLACT_Peer_training_curriculum.pdf

- „Aflateen+ Programme for Girls for Serbia and Albania“ developed within the project „Empowering Girls to Be Socially and Financially Strong Actors"
Достапен на:
https://www.girlact.eu/images/documents/Aflateen_Programme_for_Girls_for_Serbia_and_Albania.pdf

- „Gender Matters, A Manual on addressing gender-based violence affecting young people“, second edition, Council of Europe, 2019
Достапен на:

https://rm.coe.int/gender-matters-a-manual-on-addressing-gender-based-violence-affecting-/16809e1c34

- „Rodna ravnopravnost u Srbiji: stanje i perspective“, Dr Sanja Ćopić, Beograd, 2016
  Достапен на:
  https://www.iksi.ac.rs/izdanja/rodna_ravnopravnost_u_srbiji_stanje_i_perspektive.pdf

- „Приручник за превенцију родно заснованог насиља“, Министарство просвете, науке и технолошког развоја Републике Србије, Београд, 2015
  Достапен на:
  https://prosveta.gov.rs/wp-content/uploads/2015/08/Prirucnik-za-prevenciju-RZN.pdf

- „Training Manual for the Social and Financial Education Training of Trainers“ prepared within the project “Social and Financial Education for Engagement, Entrepreneurship and Employment – SaFE for Triple E Project”